**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130 faksi.02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

**Бр.__ _________2023 год.**
**СКОПЈЕ**

ДО
СУДСКИОТ СОВЕТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕДМЕТ : Извештај од работна посета на Основен к. суд С. – Прв дел

Работната посета е реализирана согласно со Акциониот план на Судскиот совет на РСМ за 2023 година и Заклучокот за формирање на работна група бр 02-728/1 од 31.03 2023 година, од страна на членовите на ССРСМ М. Р.- координатор за Основен К. суд С., М. Р. С., Х. З. и С. Г. во периодот од 03.04 2023, 05.04 2023, 10.04.2023 , 11.04 2023 и 24. 04 2023 година .

Цел на посетата е вршење на увид во работата на судиите согласно со член 20 став 3 од Судскиот деловник во однос на констатирање евентуален застој во работата на судиите и причините за застојот, состојбата со стари нерешени и застарени предмети, проверка на постапките за изземање на судиите, состојбата со предметите решени надвор од разумен рок и состојбата по предмети поврзани со одделни претставки.

За успешно реализирање на посетата, претходно се обезбедени податоци од извештаите во Судскиот совет на РСМ за овој суд и податоци од системот АКМИС на Основниот к. суд за старите нерешени предмети по судии, за решените предмети по судии и податоци за застарени предмети.

При посетата е одржан состанок со претседателот на судот во врска со состојбите во судот, тековното работење, движењето на предметите пополнетоста на судски и судско административни места. Во врска со изземањата во судот, дадено е известување дека три судии имаат блиски роднини или лице со кое се во блиски односи - адвокати, но секогаш кога се јавуваат во предмети тие адвокати, судиите се изземаат .

Во Основниот к. суд С. по систематизација се определени 70 судии, а монементално има 46 активни судии. Во јули 2023 година избрани се уште 7 судии и има оглас за уште 3 судии. Пополнетоста со судски службеници е 41.71 %

На почетокот во 2022 година во работа биле 13 064 предмети, примени 112 012 предмети, вкупно во работа 125 076, решени 109 183 предмети и остаток 15.893 предмети со кој број е започнато во 2023 година, во првиот квартал примени се 42.170 предмети, вкупно во работа имало 58 063, решени се 30 584 предмети и останале нерешени 27 479 предмети. Судот на годишно ниво за 2022 и првиот квартал 2023 година не е ажурен.

Во однос на квалитетот на работа на судот, во 2022 година од решени 25 217 предмети, за огромен број 22.955 предмети странките не поднесле правен лек, што значи дека биле задоволни од донесената одлука, 1566 предмети биле потврдени, 305 укинати, 391 преиначени.

На крајот од 2022 година судот имал 596 стари предмети од кои 314 прекршочни предмети.

Основниот к. суд има доставено акционен план за решавање на старите нерешни предмети, последно, крајот на 2022 година.

Основниот к. суд редовно до Судскиот совет доставува извештаи за застарени предмети на месечно ниво со изјави на судиите кои постапувале по тие предмети и редовно се следат.Во текот на 2022 година во судот имало 63 застарени предмети од сите области, од кои 40 прекршочни 16 кривични полнолетни ,а остатокот извршување на санкции.

При посетата извршен е увид во предмети поврзани со претставки, стари предмети и застарени предемети, по случаен избор.

Врз основа на извршениот увид во списите на предметите констатирано е следното:

Членот на Советот **М. Р.** изврши увид врз следните предмети:

Извршен е увид во предметите за иземање на судиите ( СУ ИЗЗ) за 2022 година и е констатирано дека во 2022 година биле формирани 79 предмети и од непосреден увид во секој од нив, не се констатирани пропусти**,** донесените решенија се целосно и конкретно образложени и засновани на законските одреби од ЗКП, а прераспределбата е вршена преку програмата АКМИС.

**УПП 423/22- претставка**

Во врска со записникот од средбата со А. К. 03-30 од 05.01 2023 година и претставката на адвокатот А. К. во однос на поднесени барања за иземање на судии од предметот што се води против него во Основниот к. суд се констатира дека се донесени решнија СУ ИЗЗ 26/22 од 30.05 2022 и СУ ИЗЗ 11/22 од 04.03 2022 година со кои се одбиваат барањата за иземање на судиите Љ. Б. – претседател на советот О. Р. – член на советот по предметот К бр 11/18 и решение СУ ИЗЗ 74/22 од 12.12 2022 година по барање за иземање на судијата Љ. Б. поднесно од адвокатот А. Т. како полномошник на оштетенот правно лице кое е отфрлено како недозволено, бидејќи оштетениот во постапката по предметот К бр 67/19 не бил странка.

**Констатација :** решенијата се донесени согласно со закон и истите се детално образложени, наводите во претставката во врска со начинот на водење на постапката од страна на судијата Љ. Б. е оценето дека е жалбен навод.

**ПРК С 2033/20- претставка УПП 08-99/23**

Преставката е од Б. М., покрај другото и со наводи дека иако се јавил во судницата на закажан претрес на 14.05 2021 година , од записничарот му било кажано дека сите предмети на судијата С. В. се одлагаат за месец септември поради отсуство на судијата, но без да биде испитан, донесена е пресуда ПРКС 2033/20 од 14.05 2021 година со која е изречена глоба и забрана за управување на моторно возило .

Од увидот во судскиот предмет произлегува дека е поднесено барање за поведување прекршочна постапка против Б. М. на 08.2 2020 година за сообраќаен прекршок, има доставница за покана за претрес за 14.05 2021 година, примена лично од обвинетиот на 23.03 2021. Судот донесол пресуда ПРКС 2033/20 од 14.05 2021 година на која обвинетиот поднесол жалба на 04 10 2021 година.

Има жалбен навод како во претставката, А. суд С. донесол Пресуда ПРК Ж бр 674/22 од 27.04 2022 година со која жалбата е одбиена како неоснована. Пресудата доставена на обвинетиот на 30.05 2022 година, лично.

Побаран е податок од систем дали судијата бил на работа, изнесено е дека судиите не се евидентираат во системот, но истиот ден, судијата имала и други предмети закажани за судење, била присутна на работа, по кажување на вработената која работи со судијата. Судијата сега е во пензија.

**Констатација:** Не се утврди дека има пропусти во работата на судијата.

**КПОВ 198/21- А.- долго водење на постапката**

Оформен по барање за повторување на постапката, поднесено 09.06 2021 година, од осудените Р. К. и И. А. за кривично дело „убиство“ од чл. 123 ст 2 точка 7 в.в. со чл. 22 од КЗ по предмет К 2449/09, презаведен К 2764/15, презаведен во К 233/17, презаведен во К 2195/18 по кој бил донесена пресуда на 30.04 2010 година, поради постоење на нови факти и докази, преку адвокат А. И.

На 12.10 2021 година, адвокатот доставил ургенција со напомена дека рочиштето по предметот за А. Д., во А. суд С., по предмеот КЖ 365/20 е одложено за 09.12 2021 година .

Стручниот соработник М. Ч. на 31.07 2021 го побарала предметот К бр 2449/09 на увид.

На 31.12 2021 година доставено е барање до А. суд С. за предметот да се врати.

На 09.02 2022 година има службена белешка од судијата С. Н. Ј. дека прдметот им е доставен на 11. 01 2022 година но имале сознание дека еден од осудените, Р. Ќ. е починат па има потреба да се прибави извод од матична книга на умрените, а за 24.02 2022 година имало закажно јавна седница во А. суд, да се врати предметот во А. суд

На истиот ден, 09 02 2022 година, е побарано од Управата за водење матични книги препис на извод за умрени и со друг допис е вратен предметот во А. суд С.

На 25.02 2022 година, бранителот доставил втора ургенција да се постапи по барањето, бидејќи јавната седница била одложена за 14.04 2022 година и има доволно време да го побараат предметот и одлучат .

На18.02 3022 година Управата за матични книги доставила одговор дека осудениот Р. Ќ. се води како жив во евиденцијата

На 22.09 2022 година Основниот к. суд побарал со писмо од бранителот да достави оригинален извод од МК за умрени за осудениот,а со друго писмо повторно е баран предметот од А. суд С. на увид.

Со писмо од 27.09 2022 година, судијата З. Д. од А.суд С. известил, дека на 14.4 2022 година , имале јавна расправа,а на нејавен дел од седницата, на 03.06 2022 година, одлучиле да го вратат предметот за исправка на техничка грешка и дека списите повторно со жалбата по исправката на 16.09 2022 година констатирале дека повторно треба предметот да го доставен на изјаснување на Вишото ЈО и дека обвинителството не се има произнесено. Кога ќе биде вратен од ВЈО предметот ќе им биде доставен.

На 30.09 2022 година примен е поднесок од бранителот на обвинетиот со извод од матична книга на умрени за осудениот Р. и известување дека братот на осудениот, Ј. Ж. останува кон барањето за повторување на постапката и доставил уредно полномошно.

На 05.10 2022 година ОКСуд, судијата С. Н. Ј. повторно доставила барање до А. суд да го достави предметот.

Во предметот има Форензичка анализа на Центар за форензички истражувања Н. С. кој е предложен како нов доказ, од 25.05 2021 година .

Судијата С. Н. Ј. со писмо од 18.10 2022 година побарала мислење од ОЈО С. во врска со барањето за повторување.

Со писмо од 12.10 2022 година, судијата З. Д. од А. суд С., го доставил предметот и го известил ОКС дека има закажано јавна седница за 22.12 2022 година за кога прдметот да биде вратен.

На 31.10 2022 година ОЈО С. доставило мислење дека нема место за повторување на постапката спрема осудените бидејќи предложени докази не се подобни да доведат до повторување на постапката .

На 03.11 2022 година судијата С. Н. Ј. побарала изземање бидејќи во предметот против осудените учествувала мајката на судијата, како судија на А. суд С. и тоа во прдметот КЖ 1428/10 и КЖ 767/15.

На 04.11 2022 година донесено е решние за изземање на судијата .

Со писмо од 08.11 2022 година, судијата М. К. М. ги вратила списите на А. суд С.

**По предметот не е донесена одлука до 27.07 2023 година, според Контролникот што се води во ССРСМ.**

Во врска со повторување на постапката по предметот К бр 2449/09 ОКС одлучувал и претходно со решение К ПОВ 381/15 од 15.09 2015 година кога барањето е одбиено како неосносвано, потоа со Решение К ПОВ 486/18 од 19.02 2019 година кога барањето е одбиено како несоновано. Ова решение е укинато од страна на А. суд С. , потоа е формиран предмет К ПОВ 57/20 и донесено решение К ПОВ 57/20 од 25.01 2025 година со кое барањето е одбиено како несоновано и ова решение е потврдено од А. суд С. со решение КСЖ 55/21 15.04 2021 година

**Се констатира** дека постапката по барањето за повторување на постапката трае неоправдано долго.

**КПОВ 55/21** –Д.

Осуден е за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 ст 3 в.в. со ст 1 и вв.в. со чл. 22 и чл 45 од КЗ сторено 2001-2002 година , утврдена имотна корист 103.575.167 денари, со пресуда К 809/05 од 17.05 2007 година ,потврдена со пресуда на А. суд С. КЖ 2551/07 од 26.03 2008 година.

Бранителот на осудениот Д. Д., ополномоштен со пономошно од 09.01 2023 година, поднел барање за повторување на постапката по предметот К бр 809/05 , по кој била донесена пресуда во ОКС на 17.05 2007 година бидејќи бил суден во отсуство. Според барањето, обвинетиот не примил обвинител акт и пресуда, а дознал во постапката за екстрадиција дека има пресуда .

На барање на судот, доставено е известување од КП ДОМ Издризово дека осудениот за пресудата дознал на 10.01 2023 година во Домот.

Има решение К ПОВ 10/23 со кое К. совет на К. оддел за полнолетни се огласил за стварно и функционално ненадлежен да постапува по барањето и побарал предметот да се даде на К. совет на Специјализираното одделение за судење на к. дела од областа на о. К. и к од 17.01 2023

На 27.01 2023 година А. суд донесол решение со кое определил дека К. совет на К. оддел за полнолетни на ОКС С. е стварно и функционално надлежен да постапува по барањето за повторување на постапката поднесено од осудениот Д. Д. преку бранителот Д. Ш.

Формиран е предмет К ПОВ 55/21

Со писмо од 30.01 2023 година е побаран предметот КУИКП- нема број на предмет, од Основниот суд К.

Од 31.01 2023 има писмо до ОЈО С. со барање на мислење по барањето за повторување, а на 02.02 2023 го доставил до ОЈО С. и предметот КС КР 1085/15 кој се однесува на екстрдиција – давање гаранција дека ќе биде суден во присуство. Според писмото на Вишиот суд во Б. КРС 17/13 од 22 .09 2015 година произлегува дека осудениот се жалел на првото решение на Вишиот суд во Б. КРС 17/13, КВ 4252/14 од 30.12 2014 година со која било утврдено дека се исполенти претпоставките за предавање на правосудните органи на Р.Македонија на осудениот , врз основа на замолница заради издржување на казната затвор, во која постапка претходно бил и повикан пред судот во 2013 година од што произлегува дека осудениот знаел дека е осуден со правосилна пресуда во Р.Македонија во 2013 година.

Со писмо од 31.01 2023 година Основниот суд К. го доставил предметот КУИКП 162/10, формиран во врска со извршување на казната спрема осудениот.

На 02.02 2023 година од страна на ОЈО С., дадено е мислење дека нема место за повторување на постапката.

Донесено е решение К ПОВ 40/23 од 03.02 2023 година со кое со дозволува повторување на постапката, по правосилноста на решението да се запре извршувањето на казната и по правосилноста на осудениот да му се достави примерок од обвинителниот акт.

Апелациониот суд С.во совет во состав од судиите Т. М., претседател на совет и членовите Ѓ. Р. и Л. Е. А. донесол решение КСЖ 91/23 од 14.02 2023 година со кое жалбата на ОЈО С. ја одбил како неоснована, а решението К ПОВ 40/23 го потврдил. Според образложението и Вишото ЈО предложило

жалбата на ОЈО С. да се одбие како неоснована. Според образложението на решението, правилно постапил првостепенит суд кога како ден за дознавање за пресудата го определил 10.01 2023 година , кога осудениот бил спроведен во КПУ за издржување на казната. Околноста што тој во екстрадиционата постапка дознал за пресудата не е од значење , согласно со член 3 став 2 од Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за екстрадиција, ратификуван од Р Македонија со Закон за ратификација објавен во Службен весник на РМ 32/99 од 26.05 1999 година, според кој, кога замолената држава ќе го извести лицето за кое е побарана екстрадиција, за тоа дека е донесена правосилна пресуда во негово отсуство, тоа известување , страната молител нема да го смета за формална нотификација за целите на водење на кривичната постапка во таа држава.

Основниот кривичен суд и тоа судијата Е. И. Ј., постапувајќи како претседател на совет донесла решение К 414/23 од 09.03 2023 година, со кое, ја запрела кривичната постапка спрема Д. Д. за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 ст 3 в.в. со ст 1 во врска со член 22 и член 45 од КЗ, поради настапување на апсолутна застареност на кривичното гонење. Трошоците на постапката паѓаат на товар на Буџетот на РСМ, Државното п. за истакнатото имотно правно барање се упатува на спор, а пресудата на Основниот суд С. I С. IVК 809/05 од 17.05 2007 година во однос на Д. Д. се укинува, во смисла на чл. 455 ст. 2 од ЗКП

На ова решение не е поднесена жалба од страна на ОЈО С.

**Констатација:** има различни ставови во врска примена на институтот застареност на гонење во повторената кривична постапка

**К 1407/19 – Л.6 обвинети**

Од кабинетот на Заменик Претседателот на В. задолжен за политики за добро владеење, доставен е на надлежност на Советот, спис Јавна реакција за начинот за испитување на вештите лица во судксиот предмет за авобуската несреќа Л. од Колацијата сите за правично судење, со наводи дека судот донесол решение еден член од тимот на вештаци да дава објаснување ,а другите да бидат присутни во судницата и да дополнуваат или одговараат на поставени прашања на странките и известување од Б. Т. од Г. во врска со долгото траење на постапката и доцнење со доставување на вештачењето од Бирото за судски вештачења, начинот на испитувањето на вештите лица, начинот на водење на постапката и дозволувањето на одбраната да приговара на прашањата на Ј. о. за да го деконцентрира, стручноста на вештите лица, според него неоправданото отсуство на едно од вештите лица, со што исто така се одолговлекува постапката.

По предметот како претседател на совет постапува судијата Д. Г. И. на која предметот и е даден во работа на 01.08 2019 година

Во предметот биле изработени три сообраќајно технички наоди и мислења, еден на наредба на Ј. о. од страна на Бирото за с. В., друг по барање на одбраната на првообвиентиот Д. Б. и трет по барање на шестообвиентиот М. Т. и три машински вештачења, едно, по наредба на јавниот обвинител од ст5рана на Машинскиот факултет С., второ, по барање на одбраната на петтообвинетиот Ј. Б. и трето, по барање на одбраната на шестообвинетиот М. Т .

Издадени се наредби за супер сообракајно вештачње и супер машинско вештачење , доверени на Техничкиот факултет Б. и, двете од 11.11 2021 година. Од Техничкиот факултет Б. не се изготвени супер вештачења .

Во јавноста имаше реакција од оштетените за долгото траење на постапката и ССРСМ бараше информации од Основниот к. суд , при што според одговорот на судот по наредбатите за супер вештачење , една за сообраќајно ,а друга за машинско, издадени на 21.12 2021 година, предметот не е вратен од Бирото за с. В., пратени се 9 ургенции од 25.01 2022 година, од 16.03 2022, од 09.06 2022, 06.07 2022 , 09.07 2022 , 09.08 2022, 13.09 2022, 04 10 2022 и 08.11 2022 , во меѓувреме бил извршен увид на автобусот на 17.10 2022 година. Во ургенциите се напоменува дека се одолговлекува постапката , се укажува дека има притисок од јавност, се наведуваат дати за кога е закажана главна расправа и моли да се изготви во накус можен рок.

По урденција со закана дека ќе бидат казнети, во смисла на члне 237 ст 3 од ЗКП, од Бирото за с. вештачења доставени се на 27.12 2022 година Наод и милење од Биро за в. СВ ЕЛ 2 170/21 од декември 2022 по наредба за супер сообркајно вештачење по предмет IXК бр 1407/19 на ОКС С. вешти лица Љ. П., Н. З. Ј. М., судија Д. Г. И., на 29 страни и Наод и Мислење на Бирото за с. В. СВ ЕЛ II 1780/21 – Машински дел вешти лица З. З., Ј. С., и. Ѓ. и Д. М., по наредба за изготвување на супер машинско вештачење , на 72 страни, од декември 2022.

Главната расправа била за кажана за 24.01 2023 , продолжила на 26.01 2023, на 02.02 2023 година ..... и се уште трае, последно насрочена, според Контролникот што се води во ССРСМ за 12.09.2023 година.

**Констатација:** изготвувањето на супер вештачењата траело неоправдано долго време иако во истите учествувале повеќе вешти лица кои требало да усогласат термини и мислења , судијата иако праќал редовно ургенции имал можност да уште со втората ургенција да укаже на можноста да се изрече казна, со цел да се забрза постапката.

Во однос на начинот на водење на постапката од страна на судијата и испитувањето на вештите лица, во услови кога постапката се уште е во тек пред првостепениот суд, Судскиот совет не може да се впушти во оценка на законитоста на таквото водење на постапката затоа што може да биде жалбен навод. Истото се однесува и на наводите за стручноста на вештите лица.

Покрај ова, на 19.06 2023 година доставен е поднесок од анонимен подносител во врска со овој предмет кој исто се однесува на начинот за водење на постапката, барање на оценка на постапувањето на судот во врска со содржината на вештачењата и исказите на вештите лица и се бара Судскиот совет да обезбеди правдено судење да ги разгледа записниците и снимките од судењето утврдат направените грешки и утврди кои дозволил ннеисправен автобус да биде пуштен во јавниот сообраќај, кои околности ќе се утврдат во текот на постапката и по нејзино звршување прд првостепениот суд ќе биде предмет на оценка на повисокиот суд.

**Констатирана застареност од АС С.**

**1.К 1982/22** Судија С. А. поединец

Предметот е формиран по донесено решение К ПОВ 271/22 од 14 09 2022 година, за повторување на постапката по предметот К бр 2140/19 од

08.07 2021 година со која осудениот Н. А. од С. е огласен за виновен за кривично дело Измама од 247 ст 1 од КЗ е осуден на казна затвор во траење 2 години. Суден е во отсуство, пресудата правосилна на 05.01 2022 . Со решението е определено да се запре извршувањето на казната по правосилноста на решението, а на осудениот да му се достави обвинителен акт. Нема мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот. Настанот се случил 07.11 2016 година

На 30.09 2022 година поднесено е барање од бранителот на обвинетот да се спојат 5 предмети против обвинетиот за исто кривично дело, ист обвинет и сторени во краток временски период.

На записник за расправа од 13.10 2022 година е донесено решение за одбивање на барањето за спојување, отсутен бил обвинет .

На 19.10 2022 одржана е главна расправа, одложена за сослушување на сведок преложен на расправа. Обвинетиот е притвор за друг предмет и со согласност на друг судија е носен од притвор.

На 31.10 2022 година завршена главна расорава и објавена пресуда со коа му е изречена алтернативна мерка условна осуда, утврдена казна затвор од 2 години со рок на проверување од 5 години. Пресудата К бр 2140/ 19 од 08.07 2021 година е ставена вон сила при идентичен опис на дејствија , само промена во делот на санкцијата.

Поднесена е жалба од бранителот на обвинетиот адв. Д. Д. од С. на 24.11 2022 со барање А. суд да ја преиначе пресудата поради апсолутна застареност . Жалбата е доставена на ОЈО С. на 06.12 2022, кој не доставил одговор ,а потоа предметот е пратен на 25.1 2023 во А. суд С., во состав од судија З. Д. – претседател на совет, и судиите Л. Е. и Л. З. – членови,кој со пресуда КЖ бр 64//23 од 22.02 2023 ја уважил жалбата и преиначил преасудата на начин што обвинението спрема е одбиено согласно со чл. 406 ст 1 т 6 од ЗКП, поради настапена апсолутна застареност на кривичнјото гонење.

**Констатација :** спорна е примена на институтот застареност по повторување на кривичната постапка

**2.Предмет К- 164/20**

Оформен по донесено решение К пов 397/19 од 24.12 2019 година со кое е дозволено повторување на постапката спрема осудениот Р. К. од Скопе, завршена со правосилна пресуда К бр 1622/18 од 08.03 2019. Одлучено е да се запре извршување на казната затвор, до донесување на нова пресуда и е опрделено веднаш за се закаже главна расправа.Осудениот бил суден во отсуство.

Судија С. Н. Ј. –судија поедниц, предметот е за кривично дело од чл. 300 ст 3 в.в. со чл. 297 ст 3 в,в, со ст 1 од КЗ, настанот е од септември 2016 година..

Закажана расправа на 28.02 2020 година , по барање на бранителот за достава на обвинение и докази одложено за 31.03 2020 година. Со службена белешка раправата е одложена, предметот не е од итен какарактер, согласно со мерките на Владата заради Ковид 19 на 31.03 2020 .

Нова расправа закажана за 19.05 2020 година, одложена поради исти причини за 30.06 2020 .

Судот барал податоци за достапност на обвинетиот до МВР на 20.05 2020

На 30.06 2020 година рaправата одложерна поради отсуство на обвинител и оштетен и бранител кој известил дка е болен од Ковид 19 Обвинетиот бил присутен.

На 21.07 2020 година ПС Б.П. има известување дека обвинетиот не е достапен.

Наредниот расправа за 01.10 2020, е одложена поради отсуство на ЈО, бранител- почнувала школска година, отсутен и оштетен и полномошник, обвинет присутен .

На 05.11 2020 година главната рапрaва почнала и одложена за да се обезбеди опрема за видео презентација на доказ за 25.12 2020 година

На 25. 12 2020 година одложено е за достава на списите на прдметот на технички советник на одбраната.

На 01.03 2021 година прдметот е доставен наод и мислење од Технички факултет Б. и закажана раправа за 02.03 2021 година која е одложена поради отсуство на ЈО, па е одлжен за 18. 03 2021 година На 18.03 2021 година одржана е главна расправа но одложена за заземање мислење и запознавање со судска пракса во врска со вештачење изготвено од технички советник на одбраната. ( пример К ВП 110/2015)

На 01.04 одржана јавна расправа донесе одлука за супер вештачење. На 01.04 2021 е дадено вештачење за Машинскиот факултет С., кое е вратено ,а на 07 04 2021 наредба до Заводот за вештачење С. Мислењето е доставено на 11.05 2021 година

На 18.05 2021 на записник за расправа им е врачено вештачењето одложен за 22.06 2021 . кога е одложено за да се обезбеди присуство на вештото лице .

На 02.09 2021 повторно е одложено, побарано известување дали од сообраќајните вештаци има вработен во Заводот.

На 02.11 2021 одложено бидејќи писмото не било примено во Заводот.

На 16. 12 2021 одржана јавна расправа, одложено поради завршеток на рботно време за 28.01 2022

На 28.01 2022 одложено- судијата на боледување.

На 11.03 2022 продолжува во доказна постапка одложено за испитување на обвинет, поради истек на работно време.

На 26.04 2022 дополнета доказната постапка со испитување вешти лица кои изготвиле супер вештачење, одложено за 09.06 2022 за други вешти лица кои се отсутни.

На 09.06 2022 завршена доказна постапка

На 16.06 2022 завршни зборови и објавена пресуда , експедирана на 05.07 2022.

Поради ненаоѓање на обвинет и откажување на полномошно на бранител преку ПС Б. П., после бројни напори, доставена пресудата на обвинетиот на 09.11 2022 година. На 24.06 2022 година, адвокатот А. Д. доставил известување до судот дека обвиентиот го отповикал полномошното што му го дал како бранител во предметот. Сепак на адвокатот пратена му е пресудата и ја примил на 13.07 2022 која на 15.07 2022 година ја вратил во судот заедно со којата од известувањето за одкажување на полномошнотото.Судот на 22.07 2022 година на истиот бранител му доставил на одговор жалба поднесена од ОЈО С. која ја вратил на 25.07 2022 година

Во предметот се јавува нов адвокат П. Ц. со поднесок од 01.09 2022 кој бара увид на списите и поднесува жалба на 16.11 2022 која е доставена на ОЈО на запознавање истиот ден. Нема пропратно писмо кога е даден предметот на А. суд, а овој суд, во состав од судија З. Д. – претседател на совет, и судиите Л. Е. и Л. З. – членови , донесол пресуда КЖ 1031 /22 од 16. 12 2022 година, а со која е одбиено обвинението поради застареност на кривичното гонење согласно со член 406 ст 1 т 6 од ЗКП, а се работи за предмет по кој постапката е повторена по барање на осудениот поради тоа што била донесена пресуда во негово отсуство.
**Констатација** : спорна е примената на институтот застареност по вонреден правен лек - повторување на кривичната постапка.

**Стари предмети**

1. **К бр 434/21** Ц. управа во врска со продажба на тутун настан 2004 – 2006 година

Претходно К бр 3919/2009 ( Ки бр 1806/2007)оформен по обвинителен акт КО 3572/07 од 30.11 2009 ЈО М. И., за кривично дело несовесно работење во службата од 353-в ст 3 в.в. ст 1 в.в,сло чл. 22 од КЗ 30.11 2009 година против обвинетит С. К. од С. и Г. Т., по стариот ЗКП.

Судија В. П. - претседател на совет

Главен претрес закажан за 05.02 2010 , одложен, отсутен ОЈО, уредно канет. На 19.03 2010 започнал главен претрес, обвинетите се испитани и започната доказна постапка со испитување на претставник на ЦУ и побарано писмени докази од претставникот на Ц. Управа одложено за 12.05 2010 кога е испитан претставникот на ЦУ и одложено за 07.07 2010 за испитување сведоци.

Главниот претрес на 07.07 2010 одложен не биле присутни сведоците два уредно канети,за еден нема доказ. Одложено за 04.10 2010 да се канат сведоците со напомена дека присуството е задолжително

На 04.10 2010 започнато одново поради протек на време. Испитани се сведоци, а за претставникот на ЦУ побарала, бидејќи е 12,50 чаасот ,а била присутна од 09 часот да се испита друг ден што е дозволено и одложен главниот претрес. Има дописи и ургенции до ЦУ да достават писмени докази од 04.10 2010 , по барање од 12.05 2010 година

На 19.11 2010 година, главен претрес не е одржан бидејќи било прогласен ден на дрвото, закажан за 31.01 2011

На 31.01 2011, започнал одново, поради протек на време со испитување на обвиентите и одложен за испистување на сведоци на одбраната.

На 16.03 2011 во доказна постапка одложено за 2 сведоци, за 06.05 2011 кога е продолжено со испитување на сведоци , одложено за 15.06 2011 за отсутни сведоци

На 15.06 2011 одново поради промена на состав на совет, побарано од ОЈО судот да обезбеди доказ дали постоела времена мерка за забрана на продажба на тутун.

Закажан главен претрес на 07.09 2011 кога е констатирано дека ЦУ и Основниот г. суд не одговориле на барањето од 16.06 2011 , повторно пратени писма.

На 07.1О 2011 година, отсутен ОЈО, констатирано дека ЦУ и ОС2 С. не одговориле, пратени нови барања истиот ден.

На 03.11 2011 година ЦУ доставила известување и бил доставен и извршен предмет, па е одржан главен претрес на 14.11 2011 година, одлучено да се прибави предмет на ОС Т. и друг предмет од ОС С. 2

Наредено е економско вештачење на 14.11 2011 година .

На 11.01 2012 година констатирано дека предметот не е вратен со вештачење , Основниот суд Т. не го достави предметот .

На 17.02 2012 побарано е од судот да се бара и друг предмет од Тетово покрај претходниот, одложено и доставено е писмо.

На рочиште од 19 03 2012 година се уште ОС Т. не ги доставил предметите, отсутно вешто лице,одложено.

ОС Т. на 03.04 2012 известил дека, со дадениот број не се совпаѓаат странките, да датат точен борј.

На 16.05 2012 започнато односно, ЈО предложел да се вика претставник на државниото правобранитлство, одложено

На 04.07 2012 одложено за да се слослуша нов сведок на одбраната.

26.09 2012 одложено за да се сослуша претставник на ДП, а тој во меѓувреме дошол, но претресот не е оджан.

На 02.11 2012 почнато е одново, одложено за ДП да се произнесе за евентуално имотно правно барање.

На 10.12 2012, ДП се признесол одложено за завршни зборови за 27.12 2012 во завршен збор ЈО го изменил обвинението и квалификација. На 18.01 2012 продолжено со завршни зборови .

Закажно објавување на пресуда на 23.01 2013 и објавена пресуда К бр 3919/09 од 23.1 2012 година изречени условна осуда за двата обвинети 2 години затвор со 5 години проверување.

Пресудата експедирана на 14.03 2013

По жалбите на обвинетите АС С. донесол решение КЖ бр 1238/ 13 од 15.10 2013 година со кое укината е провостепената пресуда и предметот е вратен на повторно одлучување

Формиран К 2942/13 судија В. П. – претседател на совет

На 02.12 2014 главниот претрес е одложен поради отсутсуство на ЈО.

На 22.01 2014 започнал главен претрес, наредено е дополнително економско вештачење.На 17.03 2014 не е вратен предметот со вештачење. Бирото го вратило прдеметот со напомена дека вештачењето треба да го изготви агроном, а не економист, изготвена е нова нередба од 04.04 2014.

На 28.04 2014, одложено, не е вратен предметот со вештачење Вештачењето завршило 04 09 2014 . На 10.09 2014 доставен примерок на записник од вештачењето и одложерно.

На 15.10 2014 отсутен ЈО одложено. Претседател на совет Т. М. на 17.12 2014, одложено отсутен ЈО М. И.

Судијата Т. М., побарала изземање кое е усвоено бидејќи била полномошник на М. Т. 2000, каде бил ускладиштен тутунот,во тоа време.

На 14.04 2015, претседател на совет Џ. Б. закажан главен претрес , отсутна судијката и ЈО.

На 23.04 2015 одржан главен претрес, одложено да се кани вешто лице.

На 02.06 2015 отсутни вешти лица , одложено за 10.09 2015 .

На 10.09 2015 отсутен бил обвинител М. Х. поради боледување.

На 26.11 2015 главниот претрес започнал одново, одложено за претставник на ЦУ и на претставник на ДП, која пред завршување на главниот претрес ја наспуштила судницата

На 25.12 2015 продолжи во доказна постапка, одложено за претставник на ЦУ и сведок.

На 23.02 2016 започнато одново, одложени за два нови сведоци на одбраната.

На 12.04 2016 продолжено во доклазна постапка. Одложено за двата сведоци.

На 02.06 2016 продолжено во доказна постапка, прекинато по барање на ЈО затоа што имал други судење.

На 20.09 2016 почнато одново, одложено по барање на сведок за да провери во евиденција на на ЦУ.

На 01.11 2016 година продолжено во доказна постапка одложено за сведокот што побара одлагање за да прибави податоци од евиденција на ЦУ

На 22.12 2016 продолжено во доказна постапка ,одложено за да се побарат податоци од ЦУ за постоење на времена мерка и извештај од ревизија 2003.

На 10.02 2017 отсутен ЈО М. И. одложено.

На 24.02 2017 ЦУ известиле дека не им било доставено решение за времена мерка за забрана продажба на тутун.

На 28.03 2017 судија Д. А. С. – претседател на совет, започнато одново, побарано од ЦУ да се произнесе по поставени прашања

На 05.05 2017 продолжено во доказна постапка одложено за да се произнесе претставник на ЦУ и барање до ОС Ш. дали донесени решенија биле доставни до ЦУ.

На 04.07 2017 одложено за да се обезбеди документација со одговор од ЦУ.

На 15. 09 2017 , започнато одново , одложен бидејќи требало да започне дуго судење за исто така стар прдмет

На 31.10 2017 отсутен бранителот кој известил дека ќе биде во странство.

На 26.12 2017 година запонато одново, продолжено во доказна постапка, одложено затоа што следувало „изведување на доказите од списите на предметот и воедно поради обемноста на доказниот материјал а и странките побарале уште еднаш да се разгледа можноста за евентуално изведување и на други докази“.

На 09 02 2018 отсутен обвинителот, кој поради приватни обврски не можел да се јави.

На 22.03 2018 започнува одново поради протек на 60 дена, одложено за сведок и да се прибави решение од ОС Ш.

На 10.05 2018 отсутен претставник на ЦУ , побарано од бранител нови податоци од ЦУ.

На 03.07 2018 започнато одново, одложено, се бара од бранителот точно од која служба на ЦУ бара податоци

На 21.09 2018 година отсутен ЈО уредно канет

На 8.11 2018 отсутен ДП , одложено, дадено известување на ЦУ од 03.07 2018 на странките на рака

На 11.12 2018 на странките дадено на рака известување на ЦУ од 1.10 2018.

На 08.11 2018 одложено, известување на ЦУ од 8 .10 2018 кое кај судијата било доставено заедно со предметот на 05.11 2018 па не бил во можност да се експедира, даден на странките на рака.

На 11.12 2018 година, одложено, судот ценел дека требало да се обрати до генералниот секретар на ЦУ да дадат сеопфатно и децидно да одговори на поставените прашања бидејќи во две известувања, некои прашања не биле одговорени.

На 05.02 2019 одложено, немало одговор од ЦУ, за што е пратена урегенција на 06.02 2019.

На 08.03 2019 пратена ургенција- 5 со барање да се одговри на прашања и истиот ден, на 08.03 30219 даден одговорт на рака од ЦУ од 07.03 2019

На 16.04 2019 не бил доставен одговор бидејќи требало сосема друга служба да одговори. Испратена ургенција 6

На 14.05 2019 даден одговорот на ЦУ на странките од 10.05 2019

На 18.06 2019 отсутен претставник на ДП и ЈО изјавил дека не му биле здружени известувањата на ЦУ од 07.03 2019 и од 06.05 2019 одложено

На 24.09 2019 одржан главен претрес започнато одново, спроведена доказна постапка, заврши зборови, донесена К 2942/13 од 24.09 2019 со и објавена прсудата со која обвинетите се ослободени од обвинение бидејќи не се докажало дека го сториле делото за кое се обвинуваат.

Има жалба на ОЈО и А. суд С. со решение КЖ бр 187/10 од 21.10 2020 пресудата ја укинал и предметот го вратил на повторно судење. Предметот е вратен во ОКС на 18.02 2021.

Главен претрес е закажан за 23.04 32021, судија Д. А.С. ЈО известил дека не може да присуствува на 16.04 2021 година поради друг предмет, одложено за 08.06 2021 .

На 08.06 2021 запонал главен претрес, одложено и дадена наредба да се изготви вешетачење од агроном и економист и да се имат во вид сите списи. Вештачењето е завршено 03.11 2021 гдоина

На 14.12 2021 отсутен првообвинет поради здравствени причини

На 21.01 2022 отсутен бранител - позитевен на Ковид 19

На 22.02 2022 одржан главен претрес одложено за сведоци кои претходно пред укинување на прсудата се сослужани.

На 29.03 2022 отсутни сведоците нема доказ за примени покани, одложено.

На 09.05 2022 година, одложено, еден од сведоците побарал да се одложи главниот претрес

На 10.05 2022 започнал главен претрес одново поради протек на 60 дена, одложено за сведокот и претставник на ЦУ и на ДП.

На 08.06 2022 нема доказ за сведокот дека е уредно канет, а отсутни претставниците на ДП и ЦУ, уредно викани, одложен иако биле присутни обвинити бранители и ЈО

За 15.07 2022 сведокот И. И. пак барал одлагање поради работни обврски.

На 15.07 2022 отсутни обвинитете, урдно канети и сведокот, одложено.

На 22.09 2022 , присутен сведокот, отсутен ЈО , обвинетите, бранител , претставник на ДП сите уредно известени , одложено.

На 20.10 2022 отсутен бранител нема доказ за уредно покана , отсутен од задравствени причини, отсутни сведокот уредно викан и претставник на ДП, одложен.

На 10.11 2022 отсутен бранител бил на боледување и претставник на ДП уредно известен

Судијата побарала согласност сведокот И. И. да биде сослушан надвор од главен претрес или другиот адвокат да преземе застапување на двата обвинети, па не добил согласност , одложено .

На 22.11 2022 отсутени ЈО , бранител на 1 од обвинетите, донесено решение вон главен претрес да се сослуша сведокот И. И.,нема наведено врз однова на која одредба, од кои причини и истиот е сослушан на истиот записник.

На 20.12 2022 година отсутен бранител на еден од обвинетите, нема доказ дека уредно е известен, донесено решение вон главен претрес да се сослушат 2 сведоци.

На 07.02 2023 отсутни претставник на ЦУ,2 сведоци и претставник на ДП, започнато одново

На 09.02 2023 година обвинетиот С. К. побарал одлагање на рочиште за 21.03 2023 година поради хирушка интервенција., а сведокот В. Д. известил дека има нарушена здравствена состојба поради тешка болест и потреба од хемо терапија.

На 21.03 2023 година, одложено 25.04 2023 .

Според контролникот што се води во ССРСМ, предметот потоа бил закажан за 26.05 2023 , па за 19.06 2023 година и главниот претрес се уште не е завршен.

**Констатација:** по овој предмет три пати се менувал претседателот на советот, постапката неоправдано долго трае, ЦУ има придонес во врска со траењето на постапката, но има и многу неоправдани одлагања, ненавремено доставување на известувања на странките, два пати бил по жалба во А. суд и два пати е укинат.

**2. К бр. 3008/11**

Оформен по обинителен акт на ОЈО С.Ко 213/08 од 03.10 2011 против Ќ. М. од Т. и М. Д. за кривично дело даночно затајување од 279 ст 2 в.в. со ст 1 во врска со чл. 22 и член 45 од КЗ за дејствија во периодот од јули 2004 до мај 2005, вкупна штета на Буџет за 2004 4.756 129,00 и за 2005 -1.135.770 денари, предложени 2 сведоци и писмени докази меѓу кои и наод и мислење . Постаката се води по стар ЗКП.

Покани заедно со обвинителен акт се пратени за 21.12 2011 година

На 21.12 2011 судија М. К. М. – претседател на совет, отсутен Ќ. не може да се утврди дали е уредно канет и отсутен бранител, присутен второобвинет кој известил дека е болен од канцер на стомак и треба да оди на операција па на зрачење не знае дали ке може да присуствува на главен претрес. Нема лекарска документација.

Главен претрес закажан за 29.02 2012.

Обвинетиот Ќ. поднел приговор, кое е отфрлен со решение на советот КС-КР 1137/11 од 04.01 2012 година .

На 29.02 2012 судија И. Т., со поротници го одложил претресот поради отсуство на судијата на неопределено време, нема никој присутен.

Наредба за главен претрес од 19.07 2012 за 07.11 2012 година . Има писма за достапност на обвинените без дата.

На 24.09 2012 година ПС Г. Б. известиле дека М. Д. не живее на адресата што ја дал, живее на друга адреса но наведената адреса не е достапен . Првообвинетиот има известување од ПС Тетово дека е достапен

На 07 11 2012 година претседател на совет М. Б. , совет од 5, присутни обвинетите, второбвинетиот известен дека е запретена казна затвор од најмалку 4 години и мора да има бранител, одложено. Нема акт поради што е сменат претседателот на советот.

На 28.01 2013 отсутен второобвинетиот уредно канет, одложено, наредба за приведување на второобвинетиот. Нема констатација за негов бранител Совет од 5.

На 06.02 2013 ДП истакнало имотно правно барање

На 03.04 2013 не е спроведен второобвинетиот, констатирано дека судот не знае од кои причини, совет од 3 постапувал, одложено, дадена наредба за приведување на второобвинет и барање за достапност, нема констатација за негов бранител.

На 03.04 2013 донесено решение за бранител по службена должност на второобвинетиот.

На 16.04 2013 доставено известување дека второбвинетиот не е пронајден, со забелешка дека не е достапен

Адвокатот Е. М. бранител на првообвинетиот со допис од 10.06 2013 побарал одлагање поради ангажирност во притворски предмет.

Потоа има полномошно од второбвинетиот за друг бранител, без дата, адвокат Д. В., кој може да го заменува адв А. А.

На 12.06 2013 година постапувал совет од 5 , отсутен обвинител уредно викан отсуство не оправдал, второобвинетиот не е спроведен по наредба на судот.Дадена е наредба за второбвинетиот со барање за достапност по извршени оперативни проверки. Одложено за 28.10 2023.

На 11.06 2013 година ПС Г. Б. известиле дека втрообвиентиот не е достапен на органите за прогон подолгпо време не е виден на последното живеалиште. Исто и МВР ЕИИП-ОПИ на 18.06 2013 известиле дека обвинеиот не е пронајден и не е достапен на органите а прогон

На 28.10 2013 адв Д. В. доставил известување дека не може да присуствува на главен претрес поради присуство на друго судење.

На 28.10 2013 година совет 5 , отсутен бранителот на второбивнетиот, одложено за 11.12 2013. Присутен второобвинетиот. Не е констатирано дали второобвинетиот дал нова адреса и зошто не се јавувал на рочиштата од главен претрес.

На 13.11 2013 ЕИИП-ОПИ известил дека обвинетиот не е пронајден и не е достапен на државните органи.

На 11.12 2013 совет 5, одложено бидејќи судечкиот судија постапувал по притворски предмет.

На 26.02 2014, отсутен бранител на второбвинетиот Д. В. кој известил дека не може да спостапува поради зафатеност во друг предмет, а не доставил доказ за тоа, одложено со наредба да се кани бранителот, а втрообвинетиот А. А. урено известен, со закана дека ако не го оправда отсуството ќе биде казнет. Нема констатација, како и претходно, зошто не е присутен другиот адвокат опфатен во полномошното.

На 27.02 2014 адв Д. В. побарал увид во предметот, а кај судијата дадено барањето на 14.04 2014 .

На 14.04 2014 отсутен ЈО В. Б. урено известрена

На 25.06 2014 бранителот А. А. уредно известен отуствoто не го оправдал, што не е констатирано, отсутен ЈО, која дополнително се јавила, нема наредба да се кани бранителот на втрообвинетиот или истиот да го обезбеди неговото присуство, одложено за 20.10 2014

На 20.10 2014 не се јавил ЈО уредно известен, а присутни обвинетите и бранителите.

На 15.12 2014 отсутен ЈО нема доказ дека е канет , присутни обвинетите и бранителите одложено за 06.03 2015

На 06.03 2015 отсутен ЈО – нема доказ, отсутен второбвинет, уредно известен, отложено да се канат за наредниот главен претрес за 11.05 2015

На 11.05 2015 отсутен ЈО Р. К. уредно известена, присутни обвинети и бранители

На 15.07 2015, отсутен второобвинет уредно известен, одложено, наредба да биде приведен.

На 06.11 20015, отсутна ЈО В. Б. и отсутен второбивнет не е приведен од ПС Г. Б., одложено, да се кани ЈО и за второобивинетиот наредба .

За ЈО не е констатирано дали ги оправдале отсуствата.

На 18.12 2015 отсутен ЈО, урдно канет и второобвинетииот не е приведен, одложено да се приведе второобвинетиот и извршат оперативни проверки. Никаде нема констатација од бранителот во врска со обвинетиот, ниту кога бил присутен е земен податок каде живее.

На 10.02 2016 ПС Г. Б. известиле повторно дека обвинетиот М. не живее во с. М. и известуваат дека е иселен и живее на непозната адреса во Д.

На 22.01 2016 година судијата М. Г. дал наредба до ПС Г. Б. за приведување на второбвинетиот на 08.04 2016 година .

На 08.04 2016 претседател на совет М. Г. , не се присутни ЈО, уредно викан, отсутен второобвинетиот , дадена наредба да се вика и да се прибави известување дали е достапен на државните органи. ЈО дополнително се јавил и известен за наредното рочиште .

На 12.04 2016 побарано известување за второбвинетиот до ПС П. ПС П. со писмо од 14.04 2016 година известиле дека второобвиднетиот не живее во с. М. повеќе од 10 години по кажување на таткото, туку на непозната адреса н. Д.

На 01.06 2016 присутни обвинетите и бранителите, отсутен ЈО, уредно викан. Прв пат второбвинетиот е прашан да каже адреса на живеење и истиот дал две адреси една во с. М. и една во нас Д . Не е констатирано оправданост на отсуството на ЈО, наредба да се повика. Одложено за 05.10 2016

На 05.10 2016 отсутен бранителот на второбвинетиот А. А. уредно викан одложено за 28. 11 2016

На 28.11 2016 во 10,30 констатирано присуство и отсуство, отсутен првообвинет и бранителите одложено, наредба да се приведе првообвинетиот и повикат бранителите . Во 10.45 се јавиле првобовинетиот и бранителот известени.

На 03.02 2017 отсутен ЈО В. Б., обвинети, бранители, одложено, дадена наредба за обвинетите и барање за достапност да се канат бранителите , ЈО и ДП, дополнително се јавила ЈО.

Пратена наредба за второобвинет само до ПС Г. Б.

На 02.03 2017 година адвокатот Е. М. известил дека двата обвинети биле во ОКС, но не им бил дозволен влез затоа што не биле на список на судската полиција, исто известил дека за 03 03 2017 ќе биде ангазиран во предметот КОК 127/15 и 35/16 - Диво насеље .

ПС ПО Петроец на 22.02 2027 известил дека второбивнетиот не живее во с. Марино и не е достапен на органите на прогон. На 03.03 2017 присутни обвинети, отсутен ЈО, урено викан и бранителите на обвинетите. Одложено .

На 07.03 2017 година ПО П. известило дека второбвинетиот живее Драчево и дадена е адреса на живеење.

На 17.05 2017 започнал прв пат главниот претрес, испитани се обвинетите и одложено за доказна постапка.

На 30.06 2017 отсутен ЈО , отсутни сведоците кој не се спроведени од И. и Затвор Ш. , отсутни вешти лица, одложено.

На 02.10 2017 отсутен ЈО уредно викан, бранителот на второбвинетиот, вештите лица и сведоците не се донесени од КПУ.

Адвокатот Д. В. доставил барање за одлагање за 20.11 2017 бидејќи бил ангажиран во друг предмет дадено на записник од 20.11 2017.

На 20 11.2017 отсутен ЈО , отсутен бранителот Д.В. а нема констеатација зошто е отсутен другиот бранител од полномошното.

На 15.01 2018, присутен само судија И.Т., присутни обвинети, бранители, вешти лица, отсутен ЈО урено повикана В. Б. и сведоците од кои еден од КПДом И. известен судот дека е ослободен и да се бара на домашна адреса со посмо од 01.12 2017. На известувањето напишано да се кани на домашна адреса, а на записник од 15.01 2018 да се даде наредба до КПДом

Списите на предметот не се по ред лепени и не се средени.

Потоа, има известување од ПС ПО П. од 22.02 2019 дека обвинетиот М. Д. не живее с. М. , туку во нас Д.

Потоа, надредба за приведување на второобвинетиот до ПС Г.Б. од 19.12 2018 од адресата во с. М.

Потоа следи записник од 28.02 2018, претседател на совет Е. И. Ј., ЈО отустен уредно викан и првообвинетиот кој морал службено да отпатува во странство.

На 23.04 2018 отсутен второбвинетиот поради здравствени причини упатува на медицинска документација во предметот, одложено.

На 04.06 2018 отсутни бранителите на второбвинетиот, одложено.

На 02.07 2018 отсутен бранител на втрообвинет нема доказ за достава.

На 01.10 2018 одложено бидејќи судијата постапувал во друг притворски предмет како втор член, соопштено 07.11 2018 нареден термин.

На 07.11 2018 отсутен второбивнет и негов бранител одложено. Дадена наредба до ПС Г. Б. за второбвинетиот за с, М. и до ПДС П. за с. М.

На 19.12 2018 отсутен ЈО уредно викан и второбвинет не бил приведен.

Дадена пак наредба до ПС П. за с. М.

На 15.02 2019 одложено бидејќи втриот член на совет бил ангажиран во друг притворски предмет

На 25.03 2019 почнато одново, одложено за сослушување на уште едно вешто лице кое било присутно и претставник на ДП, кој бил присутен .

На ни еден од записниците нема констатација до кога траело рочиштето, почнало во 09,30

На 03.05 2019 отсутен ЈО , која претходната недела известила дека нема да присуствува бидејќи била ангажирана како предавач во А., одложено.

На 26.06 2019 судија С. Л., одлоежно судијата бил на помен по смртен сучај во семејството

На 25.09 2019 почанато одново, завршена доказна постапка, ОЈО побарал одлагање на завршни зборови.

На 20.11 2019 отсутен второбвинетиот бил хоспитализиран по кажување на бранителот, нема здравствена документација. Одложено.

На 19.02 2020, одложено, ЈО службено отсутен, известила претходниот ден.

На 25.03 2020 одложено согласно мерките на Владата поради Ковид 19

На 03.06 2020 отсутен второбвинетиот, нема констатација дали е уредно канет и бранителот, одложено, да се викаат.

На 13.07 2020 почнато одново, во завршен збор ЈО извршил измена на обвинителниот акт, бранителите побарале да се запознат и дадат завршни зборови даден примерок од записникот и одложено .

На 14.09 2020 отсутен второбвинетиот од здравствени прични приложена лекарска потврда дека се јавил на лекар и му била дадена терапија.

На 02.10 2010 отсутен ЈО поради присуство на задолжителна обука, одложено.

На 09.11 2020 почнато одново и завршен главен претрес, објавување на одлука закажано за 11.11 2020 година.

На 11.11 2020 советот констатирал при советувањето дека главниот претрес треба повотрно да се отвори за доразјаснување на работите испитување на вешто лице по измена на обвинителниот акт.

На 09.12 2020 почнато одново испитано вештото лице , но советот смета дека вештото лице треба да ги има во вид списите па да одговора на прашања конкретно, одложено

Предметот преку Бирото за с. В. пратен на 10.12 2020.

На 08.02 2021 почанато одново, побарано одлагање од одбраната да се прибави нов доказ , завршна сметка за 2004 година , предлогот е прифатен одложено.

На 15.03 2021 бранителот известил дека не ја добил завршната сметка , па судот однесе одлука да ги прибави службено завршните сметки за 2004 и 2005 година, одложено.

На 05.04 2021 отсутен пртседателот на совет поради изолација поради контакт со позитивен со Ковид 19.

На 06.04 2021 пратена ургенција до УЈП.

На 09.04 2021 примено известување од УЈП дека даночниот обврзник М. Д. не доставил даночен билан или Биланс за вкупен приход за перидот од 2004 до 2021 година.

На 04.05 2021 има писмо до Ц. Р. дали правното лице М. Д. во 2004 и 2005 година доставило завршни сметки и ако има да се достави препис.

УЈП известила со писмо лод 13.04 2021 дека одговориле на барањето.

На 19.05 2021 одложено, констатирано дека Ц. Р. нема одговорено да се прати ургенција, пратено барање истиот ден.

На 19.05 2021, во судот примено на 21.05 2021, ЦР известил дека фимата М. Д. не доставила завршни сметки за 2004 и 2005 година.

На 12.07 2021 година отсутен ЈО уредно викан, бранителот на првообвинетиот, за кој е известено дека е ангажиран во друг предмет од организиран криминал, одложено.

На 22.11 2021 отсутени бранителите на второбвинетиот уредно канети и вешто лиоце. Нема констатција дека го оправдале отсуството.

На 26.01 2022 отсутен судечкиот судија од здравствени причини.

На 07.03 2021 ( грешка 2022) почнато одново завршена доказна постапка ЈО побарал одлагање за завршни зборови.

На 01.04 2021 (грешка 2022) дадени завршни зборови, закажана објава на пресуда на 06.04 2022 година

После тоа има само трошковник од Е. М. 08.04 2022 .

Според Контролникот кој се води во ССРСМ предметот со автоматска распределба прво бил даден во работа на судијата М. К. М., на 10.10 2011, потоа е прераспореден рачно на 11.07 2012 на судијата М. Б. , исто прераспредлен рачно на 15.01 2016 година на судија М. Г. и на 04.01 2018 предметот е прараспореден на судија Е. И. Ј., според контролникот прераспределбата е вршена рачно.

**Констатација**: Во предметот **н**ема записник за советување, нема записник за објава , нема пресуда , побарано да се провери во писарница дали има други списи кои не се дадени на увид од овој предмет, Судијата, за време на увидот, изветила кај службите дека се е донесено од предметот на увид. Од Акмис проверено и земен записник од 06.04 2022 кој не е верифициран, во системот, во записникот не е внесена одлуката исто така.

Има многу неоправдани одлагања, нема констатација дали отсуството на Јавниот обвинител или некои од бранителите е оправдано или не , постапката неоправдано многу долго трае .

Побарана е изјава од судијата во врска со постапувањето по овој предмет со описмо од 12.04 2023 година, на што на 14.06 2023 година е доставена изјава според која кога отсуствувал јавниот обвинител или отсуството било оправдано или пак неговото отсуство не била единствена причина за одлагање на рочиштете и сметала дека однесувањето на јавниот обвинител е во границите на разумно однесување и не е насочено кон одолговлекување на постапката . Времето на завршување на рочиштата не било внесувано бидејќи по стариот ЗКП тоа не бил задолжителен елемент на записникот за главен претрес. Записникот за објавување на пресудата и записникот за советување и гласање, технички ги изготвувавале по писмено изготвување на пресудата .Пресудата ја изготвила со задоцнивање бидејќи била на боледување од 03.01 2022 до 28.01 2022 година, и оставанале назавршени предмети , имала редовни судење , голем број на предмети кои ги примала во работа меѓу кои и поголем број притворски предмети, сложени и медиумски експонирани предмети, поголем број на стари сложени предмети кои требало да се пишуваат и посотела објективна непоможност навреме да се изготват одлуките. Покрај сето тоа, учествувала во севет од пет члена, член е на совет за оценка на обвинителен акт , ментор во А. за судии и јавни обвинители, член е кривичниот совет во одделот за малолетници, што сето придонесло да се задоцни со изготвување на одлуката.

Од увид во Контролникот што се води во ССРСМ , произлегува дека во меѓувреме е внесено дека пресудата била објавена 06.04 2022 година, а завршна одлука е евидентирана на 27.05 2023 година, после повеќе од една година од донесувањето.

**4. К бр. 3662/11**

Оформен по обвинителен акт на ОЈО С. од 30.11 2011 година за дејствија од прва половина на 2005 до месец јуни 2009, против В. С. од С. за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 ст 4 в.в. со ст 3 в.в. со ст 1 и в.в.со чл 45 од КЗ Оштетена АД за осигурување В. , сега АД за осигурување Т., предложени се докази и има економско вештачење од август 2009, по спроведена истрага. Постапката е по стариот ЗКП.

На 1.02 2012 донесено е решение од Кривичниот совет КС-КР 91/12 со кое приговорот на обвинетата е одбиен како неоснован.

Прво рочиште од главен претрес закажано за 16.03 2012, претседател на совет М. Г. совет од 3 , отсутен бранителот на обвинетата , имал судење во Тетово со завршни зборови, отсутен ЈО , одложено , со обврска бранителот да достави доказ за отсуството, по која обврска бранителот постапил со поднесок од 21.03 2012.

На 30.05 2012 имало документи на странски јазик за кои бранителот предложил да се преведат за да можат да бидат користени како доказ, одложено за 12.09 2012.

На 12.09 2012 , полномошникот на оштетениот не доставил примерок од 2 извештаи во доволен број примероци , одложено за 05.12 2012

На 05.12 2012 отсутен ЈО од службени причини , одложено за 11.03 2013

На 11.03 2013 , по барање на бранителот за доставување на Правила за постапување при внатрешна ревизија , одложено за 13.05 2013.

Оштетениот постапил по барањето на 12.03 2013

На 13.05 2013 обвинетата побарала да се достави и Правилник за работа на службата за внатрешна ревизија 2004 и одлука за агажирање на лица за спроведување ревизија , одложено за 08.07 2013

Бараните списи се доставени од Полномошникот на оштетениот на 14.05 2013 и списите дотвени на бранителот на 22.05 2013

На записник од 08.07 2013 , има известување од вештото лице дека не може да присуствува.

На 03.06 2013 има наредба за главен претрес за 04.10 2013 .

На 17.06 2013 обвинетата доставила поднесок.

Има на 08.10 2013 поднесок од бранителот со барање за издвојување на списи.

На 04.10 2013 одложено бидејќи поднесокот од обвинетата не бил доставен до ЈО за да се произнесе, за 21.10 2013

На 21.10 2013 бранителот побарал судот да одлучи за предлогот за издвојување на списи , одложено за 29.11 2013 за дополнително да се одлучи.

На 29. 11 2013 отсутен ЈО не е констатирано дали отсуството е оправадано, уредно канет, врачени решенија на судот по предлогот за издвојување на бранител и обвинета.

На решениетпо за издвојување има жалба на ЈО и одговор на жалба , предметот на 26.02 2014 година е вратен од АС со решение со кое првостепеното решени за издвојување на списите е укинато.

На 26.03 2014, отсутен бранителот Е. М. поради присуство на седница во АС по притворски предмет, одложено за 07.05 2014

На 07.05 2014 одложено, бранителот, присутен, изјавил дека не се чуствува добро.

На 02.06 2014 отсутни ЈО и обвинета уредно викани, не е констатирано дали отсуството им е опреавдано, одложено ,да се канат.

На 30.06 2014 отсутен ЈО уредно канет, не е констатирано дали е оправдано отсутен, одложено.

На 10.09 2014 отсутен бранител доставил молба за одлагање поради зафатеност во притворски КОК предмет, одложен

На 15.10 2014 отсутен ЈО нема констатација, бидејќи е урено викан дали е оправдано отсутен.

На 29.10 2014 отсутен ЈО се јавил дека има неодложни обврски и не може да присуствува.

На 07.11 2014 ЈО известил дека е определен друг ЈО кој ќе постапува по предмети по стар ЗКП и бара одлагање.

На 19. 12 2014 година отсутен бранителот кој со поднесок од таа дата известил дека има други судење по притворски КОК предмет, дополнително доставил и записник за да го оправда отсуството.

На 20.02 2015 отсутна обвинетата уредно канета, бранителот известил дека имала оперативен зафат, задолжен да достави лекарска документација.

На 15.04 2015 отсутен ЈО, не е констатирано дали отсуството е оправдано, уредно викан. Обвиентата го оправдала отсуството на претходното рочиште.

На 05.06 2015 започнал главен претрес во 12 часот , прекинат во 14,30 заради одмор бидејќи обвинетата требала да се произнесе по повеќе наводи од обвинението, продолжен на 03.07 2015 започнато 09,30, во 13,,45 прекинато со одбраната на обвинетата, бидејќи требало да се произнесе по обемен доказен материнјал , одложено за 23.09 2019.

На 23.09 2015 запонато одново поради протек на 60 дена од 09,30 до 14,15 одбрана на обвинетата одложено за 23.11 2015

На 23.11 2015 започнато 09,30 до 14 ,10 распит на обвинетата, побарано оштетениот да достави негови предмети за 29.01 2016

На 29.01 2016 почнато одново поради протек 60 дена, распит на обвинета, ЈО по почетокот побарал прекин во 11 часот во друг предмет со обвинети 6 лица, одложено, побарано ЈО да достави доказ, повторно побарано од оштетениот да ги достави предметите

На О1.04 2016 на рочиште , полномошникот ги доставил предметите, освен еден, почнато одново- протек 60 дена со распит на обвинетата 09,30 до 14,10 часот.

На 20.05 2016 од 09,30 почанато одново - протек на 30 дена , распит на обвиентата, до 14 часот, одложен за 16.09 2016

На 16.09 2016 почнато одново - протек на 60 дена со распит на обвинетата 09,30 до 14,20 часот

На 16.11 2016 отсутен ЈО уредно викан и бранителот на обвинетата уредно викан, известил дека е ангажиран во друг КОК предмет „ Ш.

На 16.01 2017 отсутени ЈО и обвинетата уредно викани, бранителот кажал дека обвинетата е на боледување и ке достави медицинка документација.

На 08.03 2017 бранителот поднесол молба за одлагање на главниот претрес за 13.03 2017 , бидејќи бил ангажиран во друг КОК предмет „Д. Н.“ и доставил доказ за закажани термини по тој предмет на 01.03 2017 .

На 22.05 2017 отсутен ЈО и бранителот на обвинета, уредно викани. Одложено за 07.07 2017

На 07.07 2017 година бранителот доставил барање за одлагање поради ангажираност во друг предмет, одложено за 06.10 2017 .

На 06.10 2017 почнато одново со распит на обвинета и завршено со распит на обвинета , одложено за сведоци

На 27.11 2017 во 09,30 часот започанто со испитување на сведци во 12 одложено поради закажана оценка на обвинителен акт по притворски предмет

На 22.01 2018 претседател на совет Е. И. Ј. , поради промена на советот одложено за 05.03 2018

На 02 03 2018 бранителот побарал одлагање поради присуство по предмет „Шпиун“.

На 05.03 2018 отсутен ЈО , известила дека е спречена да присуствува и отсутен бранителот, одложено.

На 30.04 2018 отсутена ЈО уредно канета, нема констатација дали е оправдано отсуството.

На 25.06 2018 отсутен еден судија - поротник

На 19.09 2018 почнато одново, распит на обвинетата , одложено за да се испитат сведоци предложени со обвинителниот акт

На 12.11 2018 продолжено, обвинетата побарала да се произнесе повторно по сите точки бидејќи е сменат советот во 11,10 одложено бидејќи во 10,30 имало закажан друг притворски предмет

На 06.12 2018 отсутен ЈО, уредно викан, не е констатирано дали е оправдано отсуството

На 30.01 2019 одложено веднаш во 09,30 зашто судијата во истиот термин имала закажано главна расправа по притворски предмет К 99/19

На 06.03 2019 отсутен бранителот на обвиентата Б. М. поради сообракаќјна незгода каде ја скршила вилица а адвокатот Е. М. бил ангажиран во друг предмет

На 22.04 2019 започнато одново започнато во 10,30 часот, во 12, 30 прекинато зошто судијата имала закажано други предмети.

На 05.06 2019 започнато 10,30 продолжено до 14,05 часот, одложено.

На 04.09 2019 отсутен ЈО уредно канет нема забелешка дали е оправдано отсуството

На 18.10 2019 отсутна ЈО нема доказ дали е уредно канета,

На 11.12 2019 започнато 10,30 во 12 часот прекинато поради тоа што судијата имала закажано други рочишта

На 20.12 2019 бранителот побарал одлагање на рочиштето за 23.12 2019 поради ангажираност во притворски предмет „ 27 а.“, а бранителот Б. М. била зафатена со друг предмет. На 23.12 2019 одложено .

На 10.02 2020 започнато 11,30 распит на обвинета , во 13,20 прекинато , бидејќи судијата имала закажано судење по други предмети

На 16.03 2020 отсутен ЈО,уредно канет, нема констатација дали отсуството е оправдано.

На 27.04 2020 службена белешка дека поради пандемија Ковид 19 презакажано за 03.06 2020

На 03.06 2020 започнато 11 часот, отсутен ЈО , нема доказ за уредна достава.

На 02.09 2020, започнато одново во 09,30 во 10,30 судијата има закажано други предмети, одложено.

На 01.10 2020 запонато во 09,30, во 11,00 часот, прекинато бидејќи била член на совет кај друг судија кој имал закажано испитување на странки утврдени се наредни два термени.

На 11.11 2020 продолжено со распит во 09,30 , во 11,00 прекинато судијата има закажано и други предмети.

На 30.11 2020 отсутен ЈО уредно канета, нема констатација дали е оправдано отуството

Од 16.12 2020 има барање за прибавување на докази од адвокатот кои не можел да ги добие од оштетеното правно лице во 3 примероци со писма за барање од оштетениот.

На 27.01 2021 09,30 часот започнато, во 12 прекинато бидејќо судијата имал закажано други предмети

На 17.03 2021 продолжено со распит на обвинетата, до 12 часот одложено, бидејќи судијата имала закажано рочитета по други предмети

На 18.03 2021 писмо до АДО Т. и Н. биро за о. да одговори во врска со барањето докази на бранителот.

На 21.04 2021 одложено, отсутен ЈО уредно канет, нема констатација дали е оправдано отсуството

На 14.06 2020 одложено, отсутен ЈО, уредно канет нема констатација дали отсуството е оправдано

На 17.09 2021 отсутен ЈО, известил дека е спречен да присуствува поради семејни причини.

На 05.11 2021 отсутен ЈО известил дека е позитивен на корона

На 15.12 2021 започнато одново во 10 часот, распит на обвинетата, во 12,45 часот е одложено бидејќи било „ почнато во 10 часот " , одложено за три наредни термини.

На 21.01 2022 година има барање за прибавување на докази од бранителот со прилог барања од АДО Т. и Н. биро за о .

На 21.02 2022 отсутен бранителот Б. М. , за која известил е дека е позитивна на ковид, нема констатација за бранителот Е. М.

На 07.03 2022 одржан главен претрес почеток во 09,30, ЈО побарал да се прекине зошто морал да се јави на друго судење, одложено за двата наредни термини

На 08.06 2022 во 09,30 започнато нема во колку чадсот е прекинато и зошто, утврдениот термин е отповикан по барање на бранителот, одложено.

На 12.09 2022, започнато одново, во 09,30 распит на обвинетата во 10,40 прекинато бидејќи судијата имала закажано рочишта по други предмети.

На 21.10 2022 во 10,30 започнато во 11,15 часот прекинато бидејќи „судот имал закажано други предмети"

На 05.12 2022 година отсутен бранителот, известил дека е спречен поради ангажираност во друг предмет , за јавна седница во АС С.

На 17.02 2023 започнато одново во 09,30 во 11 прекинато бидејќи судот имал закажано рочиште по притворски предмет, а исто и бранителот и обвинителот биле ангажирани во други предмети

На 05.04 2023 во 09,30 започнато, во 10,00 одложено бидејќи бранителот имал јавна седница во АС С. , одложено 31.05 2023 година .

На 27.07 2023 година се уште не е е донесена одлука според контролникот што се води во ССРСМ.

**Констатција:** Водењето на постапка е неорганизирано, неоправдано многу долго трае и рочиштата се закажувани без план.

Членот на Советот **М. Р. С.**, како член на работната група, изврши увид во следните предмети :

1. **КОК.бр.169/22** од застарени предмети

Предметот е формиран по приватна тужба од И. Б. против Б. Г., Т. С. и Н. Т.,полицајци, поднесена на 28.03.2013 година, , заведен под К-179/13 во Основен суд Б. по член 130 од КЗ, за настан од 01.01.2013 година. Решение КС-КР.497/13 од 21.10.2013 за спојување на постапка. Решение К-179/13 од 20.01.2014 за раздвојување на постапка по предмет К.бр.346/13.Со пресуда К-179/13 на Основен суд Б. од 16.05.2014, ослободени од обвинение Б. Г., Т. С. , Н. Т. и З. А., огласен за виновен И. А. Со КЖ-636/14 од 16.02.2015 на АС Б. , уважена жалба на тужители и на виновен и укината првостепена. Со К-360/15 од 17.02.2016, донесена иста првостепена пресуда.

По жалба,А. суд Б. со КЖ-277/16 од 13.12.2016 уважил жалби на тужители и на осуден, укината првостепена и решение за враќање во поранешна состојба. Од страна на првостепениот суд донесена Кбр 3/17 од 24.03.2017 иста првостепена пресуда.

Од АС Битола донесена КЖ-419/17 на 27.06.2018 укинувачка одлука,со напомена да суди друг совет. Со Кбр-198/18 од 4.12.2018, извршено раздвојување на постапка по член 32 ст 1 од Закон за судовите од 30.10.2018 и Основен суд Б. со решение се огласил за ненадлежен по предметот против против Б. Г., Т. С. и Н. Т. и З. А. полицајци, да се достави до Основен суд С. 1, кое станало правосилно на 28.01.2019.

Доставени списи до Основен суд С.1 на 21.05.2019 .Предизвикан судир на 19.12.2019, со решение на ВСРСМ од 11.06.2020 определен Основен суд С. 1 . Записник за претрес од 10.09.2020, не уредно канет ОЈО организиран криминал, потоа одложено по барање на ОЈО за 17.11.2020 , кое е повторно одложено затоа што обвинет Г. бил болен од Ковид. Произнесување на ОЈО од 26.03.2021 по решение на ОЈО Б.- не превзема гонење по службена должност.Претрес од 13.04.2021 одложен за 10.05.2021, кога пак Г. не е уредно викан.Закажани наредни три претреса во 06.2021, кои се одржани и нареден за 12.07 2021-сослушани сведоци.Во 08.месец судијата Т. ја напушта судиска функција. Предметот распределен кај судијата Ф. Ј. М.Одложена расправа од 29.10.21.Претрес на 3.12.2021 сослушани обвинети и сведок Претрес од 27.12.2021 одложен не е присутен И. тужителот и Г. обвинет, бил во странство. На претрес од 25.01.2022, е објавена пресуда, со која сите се осудени.Пресуда доставувана во 03.месец.Жалба во 04.2022 од обвинети,предметот испратен во А., вратен административно во 07. 2022, жалба не е доставена на одговор.Доставена на одговор на 29.07.2022. Доставен одговор на 09.08.2022.

АС С. одржал јавна седница на 01.09.2022 и објавил истиот ден пресуда со која се усвојува жалба на обвинети и се укинува првостепена пресуда.Вратен на првостепен суд на 21.09.2022.Претрес на 17.10.2022 не се исполнети услови, како и на 3.11.2022, презакажано за 16.11.2022 и продолжување на

18.11.2022, 28.11.2022,6.12.2022 и 09.12.2022.На сите не е присутен обвинет Гоце, не е постапено од МВР по барање дали е достапен на органи на прогон.Исто и во 12 месец.На 30.12.2022 судија констатира на претрес дека по 01.01.2023 настапува апсолутна застареност.На 09.01.2023 запрена постапка.Со решение од 07.02.2023 одлучено за трошоци.Жалби од оштетени и за трошоци,сите се одбиени од АС С. со КОКЖ-44/23 од 15.03.2023.

**Констатација:** Од водењето на постапката не може да се утврди непотребно одолговлекување на постапката.

2. **КОК-КР 340/20** проверка по основана претставка

КСЖ-32/20 од 28.08.2020 усвоена жалба на обвинет и укинато решение на Основен КОК.КР.бр 352/19 од 27.12.2019 со кое е одбиено враќање на патна исправа и запленети парични средства. Вратени списи на 02.09.2020. Предметот заведен под КОК-КР 340/20. На 18.09.2020 претседателот на КСовет,со допис доставува списи на надлежност до судија од Организиран криминал на понатамошно постапување да му биде дадено известие на осудениот за патната исправа и враќање на запленети средства. Има доставница до Кривична писарница, за која нема потврда за прием и понатамошно постапување .

Барање за известување од 08.11.2021 упатено од полношникот и ургенција од полномошник од 02.06.2022 до претседателот затоа што нема понатамошно постапување.

При извршена контрола, од страна на судот презентирано барање за известување за патна исправа, поднесено од полномошникот на 20.12.2022 година, по кое е постапено од страна на судија и на 21.12.2022 испратено известување до Управа-одделение за внатрешни работи-одделение за патни исправи Скопје, дека нема пречки на С. Х. да му биде вратена патната исправа или издадена нова. Истото е примно од полномошникот на 26.12.2022 година.

**Констатација:**Во однос на одлучувањето за запленетите парични средства, по предметот КОК-КР 340/20, кој го водел судијата О. С., на кој ми престана функцијата поради смрт на 05.02.2023 година, констатирано е дека на денот на вршењето на контролата 03.04.2023 година не е доставена одлука за прераспределба на предметот, за што не постојат оправдани причини.

3. **К.бр.948/22** застарени предмети

Предлог за издавање на казнен налог од 21.04.2022 против Р. Р. за загрозување на безбедноста на сообраќајот од 297 ст.3 вв со став 1 од КЗ.Кривична пријава од 28.11.2018 година.

Пресуда за издавање на казнен налог од 27.04.2022 година, огласен за виновен.Обвинет не е достапен ,барана адреса од МВР од 22.07, ургенција од иста дата.Приговор од обвинет од 15.09.22 преку полномошник адв.П.

Наредба за расправа за 19.10.2022.На одржана расправа донесено решение со кое се запира постапката бидејќи настапила апсолутна застареност на 27.06.2022 година.Оштетени упатени на спор.Делото извршено на 27.06.2018.

**Констатација:** причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на постапката пред Обвинителството, односно пред да биде поднесен предлог за издавање на казнен налог до судот на 21.04.2022 година, со оглед што кривичната пријава е од 28.11.2018 година.

4. **К.бр.615/22** - застарени предмети

Предлог за издавање на казнен налог од 16.03.2022 година, против С.И. за настан од 11.04.2018 година, по член 297 ст 3 вв ст1 од КЗ.Кривична пријава од 26.10.2018 година.Попис на списи од 16.03.2022 и наредба за покана од 01.04.2022 година.На расправа , нема доказ за повикан обвинет.Барана адреса од МВР.На 16.05.2022 присатен обвинет, не е присатен ЈО.Судот носи решение за запирање на постапка поради апсолутна застареност која настапила на 18.04 2022 година.Предлогот за издавање на казнен налог е доставен од ЈО до судот, 25 дена пред да настапи застареност.

**Констатација:** причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на истата пред Обвинителството, односно пред да биде поднесен предлог за издавање на пресуда со казнен налог до судот.

5. **К.бр.592/22,**повторување на постапка. Кбр.1145/17 од застарени предмети

К.бр.1145/17, по обвинителен предлог против Д. С., поднесен на 12.07.2017 за сторено дело на 12.10.2016 година, загрозување на сигурноста од член 144 ст.3 вв ст1 вв со чл 45 од КЗ. На 15.10.2019 год донесена пресуда во отсуство на обвинет со која е огласен за виновен.Не бил достапен на органи за прогон,со бранител по службена должност.

Поднесено барање за повторување на 09.02.2022 година. За пресудата од 15.10.2019 год, дознал на 29.11.21 кога почнал да издржува казна затвор, по извршена негова екстрадиција. Донесено решение КПОВ-35/22 од 25.02.2022 со кое се дозволува повторување на постапка, да се запре извршување на казна и да се закаже главна расправа по правосилноста на решението. Закажаната расправа за 19.05 2022 одложена затоа што обвинет не е спроведен и нема полномошник. На 21.06 2022 повторно исто, на 23.09 2022 одложено од исти причини, решено да се бара известување за достапност од МВР.Исто и на 06.10.2022 и на 12.10.2022, констатирано дека не е постапено .Судот на 12.10.2022 донел решение К.бр.592/22 за запирање на постапка поради апсолутна застареност и дека пресудата К.бр.1145/17 од 15.10.2019 год се укинува.-прилог копија од решение.

**Констатација:** Со решението КПОВ-35/22 од 25.02.2022 со кое се дозволува повторување на постапка и се запира извршување на казна затвор, со оглед што обвинетиот бил спроведен во затвор со негова екстрадиција, требало да биде обезбедено негово присуство со изречени мерки за обезбедување. Спорно е прашањето и за течење на застареноста по донесена правосилна пресуда, во постстапка за повторување на постапката.

6. **К.бр.377/22** повторување К бр.1533/21 од застарени предмети

Раздвоена постапка за А. М. , суден во отсаство,за тешка кражба по член 236 став 5 во врска со став 1 точка 1 во врска со член 22 од КЗ, кој со пресуда е осуден за дело извршено на 04.01.2016 година.Повторување на постапката побарано лично на 28.10 2021 и преку затворот на 27.10. 2021 година, во кое навел дека врз основа на упатен акт за издржување на казна на 27.10.2021 година, дознал дека е судан во отсаство.Судот дозволил повторување на

постапката со решение КПОВ.бр327/21КПОВ.бр.390/21 од 10.02.2022 год, во кое констатира дека барањето е навремено поднесено.

На записник за рочиште од главна расправа одржана на 14.03.2022 година во присуство на обвинет, без присуство на обвинител, надвор од расправа судот констатира дека настапила апсолутна застареност на кривичното гонење на ден 04.01.2022 год, пред судот да одлучува по барањето за повторување.Донесено е решение со кое се запира кривичната постапка и пресудата К.бр.1533/21 од 04.06.2021 година,се укинува.Судот констатира дека од извршување на делото 04.01.2016 изминал рокот на застареност на 04.01.2022 година.Прилог копија од решение.

**Констатација:** Спорно е прашањето за течење на застареноста на кривичното гонење по донесена правосилна пресуда, а по вонреден правен лек повторување на постапката.

7. **К.бр.1271/16** - застарени предмети

Обвинителен предлог од 03.06.2016 година за М. Д. за дело извршено на 13.04.2016 год, учество во толпа по член 385 ст 1од КЗ- фрлање во канцеларијата на Претседателот.Главната расправа за 23.09.2016, одржана и одложена да се произнесе правобранител за висина на штета.По предјавувањена штета, расправа одложена за 24.01.2017 год, која е одржана, па на 14.03.2017,па на 11.05.2017 која е одложена поради отсуство на ЈО.Расправа од 11.07 и 10.10.2017 одложена поради необезбедени оригинал.докази од ЈО, одложена и на 12.12.2017 заради зафатеност на ЈО.Одржана на 9.03.2018, одложена за увид во др. предмет од обвинител.На 8.05.2018 одложена поради отсатен обвинител, на 3.7.2018 одложена поради отсатен бранител, како и на 28.9.2018, на 30.01.2019, на 4.04.2019, на 31.05.2019, на 19.09.2019 и на 29.10.2019 поради ангажираност во др.предмет, а ЈО известува дека не можел да изврши увид во другиот предмет. Исто е констатирано и на 2.12 2019, на 14.01.2020 и на 27.02.2020, а предмет во кој требал да се изврши увид бил во АС С.На 02.06.2020 одложено поради Ковид.На 02.07.2020 неуредна достава за бранител, а на 1.09.2020 одложено не е присутен обвинет.Списите биле прибавени, на 27.10.2020 отсутен бранител, на 13.11.2020 бранител позитивен на Ковид.На 24.12.2020 одржана јавна, одложена за сведоци.Одложена поради сведок на 25.03.2021 одложена поради сведок неуредно повикан и бранител, на 24.04.2021 не е присутен бранител и сведок На 3.06.2021 одложена поради бранител и сведок и на 2.09.2021, поради сведок.На 12.10.2021 не е присутен обвинет и бранител.На 16.11.2021 одржана јавна расправа, не е присутен сведок и одложено.На 28.12.2021 сослушан сведок, за презентирање на видео запис , одложено на 17.02.2022 кога не е присутен бранител, со согласност на обвинет, изведен доказ,па одложено за 7.04.2022.На 7.04.2022 не се присутни сведоци.На 19.04.2022 пред почеток на рочиште од главна расправа, судот констатира дека на 13.04.2022 настапила апсолутна застареност, по изминати шест години од ден на сторување, за што донел решение за запирање на постапката. Од 25.01.2018 постапката ја води судија С. А.

**Констатација :** постапката е непотребно одолговлекувана, се работи за обвинителен предлог, се води скратена постапка, а одлагани многу рочишта за главна расправа поради отсуство на бранител, ангажиран по друг предмет.

8.**К.бр.1324/21** - застарени предмети

Предлог за издавање казнен налог , примен во судот на 20.05.2021 против К. П., за кр.дело, загрозување на безбедноста на сообраќајот по член 297 ст3 вв ст.1 од КЗ извршено на 30.12.2017 година. .Кривичната пријава од 21.02.20 2018. Сообраќајно вештачење од Д.-в од март 2019 и вештачење од 27.12.2019 од Биро . Пресуда за издавање на казнен налог К.бр.1324/21од 28.05.2021, судија С. А. Приговор од 30.07.2-021, укажувана релативна застареност, поминати две години до поднесување на предлог.На гл.расправа од 07.10.2021 не се присутни обвинет-болен и оштетени, доставил докази до суд бранител.На 21.11.2021 не е присутен обвинет, на операција, сослушани присатни оштетени.На 10.12.2021 не е присутен обвинет и оштетен.На 14.12.2021 не е присутен обвинет, сослушани присатни оштетени.На 23.12.2021 одржана јавна и одложена за 03.02.2022.На тој датум судот констатира апсолутна застареност, изминале четири години од сторување на 30.12.2021.

**Констатација:** причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на истата пред Обвинителството, односно пред да биде поднесен предлог за издавање на казнен налог до судот.

9.**К.бр.391/22** - застарени предмети

Предлог за издавање казнен налог примен на 22.02 2022 против М. П. за дејствие на 21.06.17, за кр.дело загрозување на безбедноста на сообраќајот од чл.297 ст 3 вв ст 1 од КЗ, предложена парична казна.Кривичната пријава е од 16.08.2017.Лекарски наоди од 2021.Судот со решение од 1.3.2022 запира ја кривичната постапка, настапила апсолутна застареност на 21.06.2021, осум месеци пред да се поднесе предлог.

**Констатација:** причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на истата пред Обвинителството, односно пред да биде поднесен предлог за издавање на казнен налог до судот.

10. **К.бр.2987/20** - констатирана застареност од А. суд

Обвинителен предлог поднесен на 13.11.2020 против И. С. и Ј. П. за кр.дело загрозување на безбедноста на сообраќај по член 297 ст 3 вв со ст 1од КЗ сторено на 22.01.2018. Кривична пријава од 21.06.2018,лекарски извештаи за оштетени од 05.2019.Расправа на 16.12.2020, на која првообвинет неуредно викан, второбвинет уредно викан.На 08.02.2021 не се присутни ЈО и обвинети и оштетени.Наредба за приведување на второобвинет.Добиен одговор од МВР дека не се достапни обвинети, поставен бранител по службена должност.На 3.3.2021 присатен првообвинет и оштетени.Одржана расправа и завршена.Донесена пресуда со која осудени се обвинетите.Експедирана во 04.2021.Жалба од првообвинет 22.04.2021. АС со пресуда КЖ-601/21 од 27.12.2022 преиначува и одбива обвинение по член 402 став1 точка 6 од ЗКП, настапила апсолутна застареност.Предметот бил во работа на судијата М. К. М.

**Констатација:**Може да се констатира дека причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на истата пред Обвинителството, како и траење на постапка пред второстепен суд.

11. **К.бр.1727/18** - констатирана застареност од А. суд

Раздвоена постапка за Д. Ќ. од К.бр.3340/15, расправа на 4.10.18 по обвинителен предлог од 11.11.2015, одржана главна расправа и сослушан сведок под К.бр 1727/18.Одложено на 11.12.2018, се чекаат списи од А. суд по К.бр.3340/15.Расправа од 5.3.2019, одложена, болен судија.На 14.5.2019, одржана расправа и одложена .Расправа на 4.07.2019, одложена за завршни зборови.На 08.07.2019 завршни зборови, а на 10.7.2019 објава на пресуда, со Д. Ќ. е осуден за виновен за измама по член 247 ст3 вв со ст 1 вв со чл 24 од КЗ, условна осуда. Жалба од бранител на обвинет 18.09.2019 и обвинет лично. Со КЖ-842/19 од 3.06.2020 потврден, доставени списи до основен суд на 4.08.2020.

ВСРМ со КЗЗ бр 15/22 од 16.11.2022, делумно уважува БЗЗ од 03.11.2022 и укинува второстепена пресуда. Барањето за заштита на законитоста не е во списите на предметот, само копија од одлуката на ВСРМ, извадена од АКМИС системот. А. суд со КЖ-1063/22 од 18.01.2023 преиначува и пресудува се одбива обвинение по член 402 т.6 од ЗКП .Констатира дека Вишото јавно обвинителство доставило писмен предлог од 27.12.2022 по член 402 став 1 точка 6 од ЗКП. Делото е сторено на 5.6.2012 , па на 5.06 2022 настапила апсолутна застареност.

**Констатација:** застареноста настапила пред да се поднесе БЗЗ и пред ВСРСМ да одлучи по БЗЗ.

**Стари предмети**

1. **К.бр.1988/15**

Обвинителен предлог поднесен на 24.06.2015 година , против лицата З. С.,Н. С., А. К., Р. А.,Д. К.,Ш. С. и З. А., за дејстија преземени во период од април до октомври 2013 година, со кои со неизвршување на своите службени должности нанеле штета на оштетено јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми М. Ш. во износ од 423.500,00, со што сториле кр.дело злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 ст.2 вв со ст.1 вв со чл.45 од КЗ, кр.дело фалсификување службена исправа од чл.361 ст1 од КЗ. Кр.пријава од 29.04.2015. Определени мерки на претпазливост на 02.06.2015 за лицата З. С. и Н. С. Расправа од 21.09.2015 одложена, не е присутен 3-то обвинет , побарано спроведување. На 28.10.2015 , не е присутен 5-тообвинет и бранител на 3-тообвинет дава листа на докази. На 4.12.2015 не е присутен 3-тообвинет, уредно канет.На 15.01.2016, одржана главна расправа, испитување на претставник на М. Ш. и испитување на сведок З.Г., одложена за 2.3.2016 за сослушување на сведоци предложени од одбраната. На 2.3.2016 сослушани сведоци, освен еден, неуредно викан. На 13.4.2016 присутен сведок, не е присутен 3-то и 6-тообвинет.На 18.5.2016 не е присутен 1,2,3 и 6-то обвинет и бранители на 1,2-ро обвинет. На 11.7.2016 не е присутен ЈО.На 12.10.2016 не е присутен 3,4,5 и 6-то обвинет.Наредба за спровод за 3.4.5 и 6-то обвинет.На 2.12.2016 не е 5-тообвинет, не постапено по наредба и сведок.Наредба за спровод на 5-то обвинет. На 20.1.2017 не е присутен 5-то обвинет, не е достапен на органите и сведок.Определен бранител по сл.должност за 5-тообвинет. На 1.3.2017 не е присутен 3то и 5то обвинет, бранител на 5обвинет неуредно викан и сведок.На 26.4.2017 не е присутен 3-тообвинет и бранител и

сведок.На 30.6.2017 не е присутна 7-мо обвинета, присатен бранител и сведок. На 29.9.2017 не е присутен 3-то обвинет. На 18.10.2017 не е присутен 5-то и 7-мо обвинет и нивни бранители и сведок. На 22.11.2017 не е присутен ЈО, оправдано и 1,2,5 и 7-мо обвинет и бранители на 1,2,5-то обвинет и втор бранител на 7-мообвинет и сведок. На 19.3.2018 прераспределен кај др.судија Е. И. Ј., одржана главна, сослушан претставник на ЈП М. Ш., предложено од ЈО повторно сослушување на сведок ЗГ.На 9.5.2018 не е присутен 5-то обвинет и 7-мо обвинет, присатни сведоци, по член 479 ст 2 од ЗКП нема услови.На 2.7.2018 не е присутен 5-то обвинет, присатни сведоци.На 24.9.2018 не е присутен ЈО,3 и 5-то обвинет не се присутни –здравст.состојба.На 19.11 2018 не е присутен 3-то обвинет сеуште на лекување во странство, бранител на 5-то обвинет откажува полнимошно.На 20.12.2018 не е присутен ЈО, зафатен на др.расправа, 3-тообвинет –доставена мед.документација и 7-мо обвинет-од здравст.причини и нејзин бранител.На 18.02.2019 не е присутен 3-то обвинет-не е достапен, 5-то обвинет- во затвор за др.дело и претставник на оштетен.Барање за определување бранител по сл.должност за 3-то обвинет.На 3.4.2019 не е присутен 3-то обвинет не достапен, 5-то обвинет не е спроведен,7-мо обвинет уредно викан.На 27.5.2019 не е присутен 3-то обвинет поставен и присутен бранител, 5-то обвинет не е спроведен,2-ро обвинет уредно викан, присутен бранител. На 2.9.2019 не е присутен 5-то обвинет-не можеле да го спроведат, негов бранител ангажиран во др.предмет, ниту бранител на 3-то обвинет поставен по службена должност ,истиот разрешен на рочиште. На 16.10.2019 не е спроведен 5-то обвинет, присутен негов бранител. На 29.11.2019 одржана главна, сослушан претставник на оштетен, присатни и сведоци, одложено поради зафатеност на ЈО и бранители на др. судења.На 29.1.2020 не е спроведен 5-то обвинет, бранител на 1 и 2-ро обвинет и сведок. На 26.2.2020 сослушан по втор пат сведок ЗГ и одложено порадо обврски на обвинител.На 30.3.20 одложено нема услови-не е присутен ЈО,обвинети и бранители и сведок.Наредна седница презакажана заради ковид за 13.7.20, која е одложена поради немање услови.На 2.10.2020 не е присутен ЈО и не е спроведен 5-то обвинет.На 11.11.2020 не е присутен ЈО, 5-то обвинет не е спроведен и 7-мо обвинета уредно викана. На 17.2.2021 не е присутен ЈО и обвинети. На 2.4.2021 не присутен ЈО-зафатен и обвинети.На 19.5.2021 не присутен 4-то обвинет уредно викан, 7-мо обвинет, според бранител од здрав.причини, бранител на 1 и 2-ро обвинет.На 7.7.2021 не е присутен ЈО, 2-ро обвинет и др. На 1.10.2021не присутен ЈО и 2-ро обвинета-здравствени причини.На 27.10.2021 не е присутен ЈО и тројца обвинети.На 3.12.2021 не е присутен 6 и 7-мо обвинет и не е спроведен 5-то обвинет и негов бранител.На 7.2.22 не присутен ЈО и обвинети. На 21.3.2022 не е присутна 1-во обвинет, бранител кажува од здр.причини, не спроведен 5-то обвинет, бранителот зафатен и 4-то обвинет. На 11.5.2022 не е присутен ЈО, 1-во обвинета-нарушена здравствена состојба, не е спроведен 5-то обвинет, бранител зафатен.На 6.7.2022 запрена постапка према прво обвинета поради смрт. На 21.9.2022 не е присутна 7-мо обвинета , неуредно канета, а присутен бранител трвди дека е неподвижна без документација и кој зема обврска да ја обезбеди за наредна расправа.На 21.10.2022 не е присутна 7 обвинета, за која бранител кажува дека не може да се движи со потврда од доктор по општа медицина( ја нема во списи).На 2.11.2022 не е присутна 7-мо обвинета, бранител трвди дека е неподвижна, без документација за да се одлучи за раздвојување на постапка.На 2.11.2022 не е спроведен 5-то обвинет, не е присатен бранител и

7-мо обвинет,за кој присатен бранител тврди дека е на операција. На 1.02.2023 не е присутен ЈО, расправата почнала со задоцнување па заминал, 2-ро обвинет, бранителот наведува дека е од здравств.причини, сведок и 7-мо обвинета, која е пред суд. На 13.3.2023 не е присутен ЈО и 7-мо обвинета пред суд, ако треба ќе се качи.Одложено за 3.5.2023.
**Констатација:** По предметот е одржана главна расправа на 5 рочишта, 28 рочишта одложени поради отсуство на обвинети или бранители, а 16 рочишта биле одложени затоа што не бил присатен јавниот обвинител. Постапката отпочнала по обвинителен предлог поднесен на 24.6.2015 година, по кој согласно ЗКП се води скратена постапка,а во изминатиот период не е донесена одлука.

2. **К.бр.3542/07**

Обвинителен предлог од 27.04.2007 против П. и Б. П. за дејствија во месец август 2002 и февруари 2003 за дело измама по член 247 ст 3 вв со ст 1 вв со член 24 од КЗ и едно дело измама по чл 247 ст 4 од КЗ. Пресуда донесена на 11.09.2008, со која се осудени на казна затвор, со бранител по службена должност.

Со К.ПОВ.бр.730/10 од 17.01.2011 дозволено повторување спрема П., по правосилност да се запри извршување на казна.Решението е правосилно на 27.1.2011 . На 24.3 2011 обвинет неуредно викан, во затвор.На 10.5.2011, не е присутен претставник на оштетен , неуредно викан, само бранител. На 30.6.2011 не е спроведен обвинет и не е присутен претставник. На 13.10.2011 не е присутен бранител и не е стражарно приведен обвинет. На 15.11.2011 исто не е доведен, исто и на 31.01.2012. На 20.03.2012 не е присутен оштетен, бранител , обвинет ослободен од затвор. На 08.05.2012 обвинет неуредно викан.Одржан главен претрес на 19.06.2012, дадени завршни зборови, по советување преотворен и закажан.На 2.10.2012 не е присатен обвинет.На 20.11.2012 не е присатен обвинет, синот кажува дека е во болница.На 15.1.2013 одржан главен претрес,распит на обвинет и објавена пресуда, условна осуда, пресудата е правосилна на 07.03.2013.

Со К.ПОВ.бр.146/20 од 31.07.2020, е дозволено повторување на постапка према Бранка Пешиќ, за пресудата дознала при прием во КПД И. на 18.06.2020, а барање поднела на 09.07.2020. Правосилно на 17.08.2020. Определен бранител по службена должност. На 16.10.2020 не е присутен ЈО, обвинета која е ослободена од затвор и оштетен. На 25.01.2021 отсутен претседател на совет и оштетен.На 10.03.2021 не е присатен бранител на обвинета и полномошник на оштетен. На 14.4.2021 не е присатен ЈО , судија и др., а на 4.6.2021 не е присутен оштетен и полномошник. На 6.9.2021 исто констатирано. На 25.10.2021 судот решил да се изврши дактилоскопирање на обвинета, не постојат податоци во МВР. На 22.11 2021 не е постапено од МВР.Судот праќа ургенција. На 27.12.2021 не е постапено од МВР, сослушан оштетен надвор од главен претрес, затоа што ќе биде зафатен во нареден период.Ургенција до МВР.На 14.2.2022 судот констатира дека од МВР не е доставен препис од матична книга на родени.На 23.3.2022, на 16.5.22, 6.7.2022 и на 26.9.2022 иста констатација На 2.11.2022 отсатен судија.На 14.12.2022 отсатен обвинет, во болница. На 17.2.2023 присутна обвинета сеуште без документ за идентификација, отсутен бранител. На 5.4.2023 нема одговор од МВР, одложено за 08.05.2023.

**Констатција:** се работи за повторување на постапката за вториот обвинет од 2020 година

### 3. К.бр.3459/15 и К 2088/19

Обвинителен акт од 26.11.2015 против И. С., С. Х. и Х. Х. за дејствија извршени на 18.08.2006 со кои е извршено к.дело грабнување од чл.141 ст 2 вв со ст 1 вв со чл 22 од КЗ, а 1 и 2-ро обвинет и по едно дело силување по чл 186 ст 1 од КЗ. Претрес на 15.02.2016 не се присутни 1-во обвинет неуредно викан, 2-ро обвинет недостапен како и 3-то обвинет, а и оштетена неуредно викана.На 29.3.2016 не е присутен 2-ро обвинет, кој е на издржување затвор во А., 3-то обвинет е достапен, не е присутна оштетена, не е постапено од МВР.На 17.5 2016 не е присутен 3-то обвинет нема доказ за уредна покана.Наредба за спровод негов.На 28.6.2016 не е постапено по наредба.Пак наредба ургенција.На 20.9.2016 не е присутен ЈО, 2 и 3-то обвинет и оштетен.На 3.11.2016 сите присутни,но судијата е прераспореден.На 20.12.2016 пред друг судија , не се присутни обвинети, оштетена и сведок.На 14.3 2017 не се присутни 3-то обвинет не е спроведен, бранител на 1-во обвинет уредно поканет, бранител на 2-ро обвинет, барал одлагање. На 16.5.2017 не е присутен 3-то обвинет и негов бранител уредно поканет и оштетена.На 12.9.2017 не е присутен ЈО, второ и трето обвинети и бранители.На 30.10 2017 не е присутен ЈО уредно викан и судија. На 4.12.2017 не е присутен ЈО.На 31.1.2018,( предметот распределен кај друг судија) не присутен 3-тообвинет, присутен бранител по службена должност и оштетена. На 20.3.2018 не е присутен ЈО, бранител на 2-ро обвинет и оштетен,присутен 3-то обвинет, изјавил ќе ангажира бранител по негов избор.На 8.5.2018 не е присутен ЈО,3-то обвинет и бранители, сите други присутни.На 19.6.2018 не е присутен ЈО, оштетен и бранител на 2-ро обвинет.На 20.9.2018 не е присутен 1 и 3-то обвинет и оштетен и бранител на 2-ро обвинет.На 13.11 2018 не се присутни ЈО и 3-то обвинет.На 29.1.2019 не се присутни оштетена, а присутен сведок. На 21.3.2019 не е присутен ЈО. На 18.6.2019 не се присутни обвинети,сведок, оштетен и бранител на 2-ро обвинет. На 17.9.2019 не е присутен ЈО. На 17.10.2019 не е присутен ЈО и оштетена. На 3.12.2019 не е присутен бранител на 2 и 3-то обвинет.Со оглед што оштетената ќе биде надвор од државата, се сослушува вон претрес. На 30.1.2020 не е присутен ЈО. На 17.3.20 не е присутен ЈО-мерки за безбедност поради корона вирус.На 28.4.2020 одложено за 19.6 2020 –вонредна состојба. На 19.6.2020 предметот распределен кај друг судија) не е присутен никој.

Обвинителен акт поднесен на 4.12.2019 против С. Х. за дејствија превземени на 18.8.2006, со кои е сторено кривично дело грабнување и силување, заведен под К.бр.2088/19. Предлог од ОЈО за спојување на постапка. На 15.9.2020 на претрес донесено решение за спојување на постапката. На 29.10.2020 не е присутен ЈО, 2-ро обвинет, бранител на 4-тообвинет и оштетена. На 15.12.2020 не се присутни бранител на 3-то и на 4 обвинет и оштетена. Разрешен бранител поставен по службена должност на 4-тообвинет и поставен друг.На 11.2.2021 не е присутен ЈО,оштетена не е приведена и нема доказ за бранител на 4-то обвинет.На 25.3.2021 не е присутен судија и оштетена.На 27.4.2021 одржан јавен претрес, распит на

обвинети,оштетена, одложено да се викаат сведоци. На 15.6.2021 не е присутен ЈО, присатни сведоци. На 14.9.2021 не е присутен 1 и 4-то обвинет и сведок. На 2.11.2021 проток на 60 дена, замени се податоци и распит, сведок сослушан.На 23.12.2021 не присутен 4-то обвинет и сведоци.На 3.3.2022 не се присутни1-во обвинет-болен ,сведок еден починат и др сведоци.На 7.4.2022 не е присутен ЈО. На 14.6.2022 не е присутен ЈО,1,2 и 3-тообвинет и сведок, определено стражарно да се спроведат обвинети. На 15.9.2022 (предметот е распределен кај друг судија) не е присутен 3 и 4 обвинет, има наредби за стражарно и сведок неуредно.На 4.11.2022 не е присутен сведок, неуредно има известување за адреса од МВР.На 9.12.2022 не присутен ЈО, бранител на 3то обвинет-здравствено, сведок и оштетен.На 31.1.2023 не е присутен ЈО, бранител на 2-рообвинет,бранител на 4. обвинет, и 3. и 4.обвинет и сведок.На 24.2.2023 не е присутен 4-то обвинет и сведоци.На 4.4.2023 не е присутен 3-тообвинет, бранител на 1-вообвинет, 4.обвинет со наредба за стражарно, 3. обвинет и оштетена.Одложено за 6.6.23 со наредба за стражарно спроведување за 3. и 4. обвинети и оштетена.

**Констатација:**По предметот, до вршење на работната посета, одржан е главен претрес на 2 рочишта, 21 рочиште е одложено поради отсуство на обвинети или бранители, а 20 рочишта биле одложени затоа што не бил присатен јавниот обвинител.Претседателот на советот е седум пати менувам. Постапката отпочнала по обвинителен акт поднесен на 26.11.2015, а во изминатиот период не е донесена одлука.

**4. К.бр.1913/15 -**

Обвинителен предлог од 16.6.2015 против Е. Б. А.,А. Б. и А. Б. затоа што на 4.5.2014 во автобус извршиле насилство врз А. П.,со кои дејствија сториле кр.дело насилство од чл.386 ст. 3 вв со ст.1 од КЗ.На расправа на 4.9.2015 не се присутни 3-то обвинет и сведоци нема доказ за уредна покана.На 14.10.2015 не е присутен 1,2 и 3-то обвинет,оштетен и сведоци.На 18.11.2015 не се присутни 3-тообвинет, сведоци,оштетен. На 9.12.15 не се присутни 2и3-то обвинет и сведоци,дел уредно викани, дел не се достапни.На 29.1.16 (сменет судија), не е присутен3-тообвинет, нема доказ дека е починат не е пријавено од семејството, дел сведоци уредно викани,дел недостапни и болни.На 5.4.16 не е присутен 3-тообвинет, нема уште смртовница, сведоци уредно, а некои недостапни.На 20.9.16 не е присутен 3-тообвинет, известување дека е жив и за адреса, сведоци .Бидејќи оштетен изјавил дека му е отежнато понатамошно доаѓање, судот донел решение да се сослуша вон главна расправа, како сведок.На 17.11.2016 отсатен 3-тообвинет и сведоци недостапни и во странство, сослушани вон главна расправа,присутни сведоци.На 9.2.2017 не се присутни сите повикани сведоци, пак сослушани сведоци вон главна расправа, барана достапност на 3-тообвинет.На 30.3.2017 не е присатен 3-тообвинет и сведоци. На 30.5.2017 судот известен дека 3-тообвинет е починат, доказ од МК за умрени, ја запира постапката према 3.обвинет и одржал главна расправа, сослушал сведок. На 5.10.2017 не се присутни сведоци и полномошник на оштетен, сослушан сведок надвор од главна расправа.На 21.12.2017 судијата пензиониран, не се присутни сведоци.На 1.3.2018(постапува друг судија) не се присутни ЈО и обвинети и сведоци,наредби за спровод на обвинети.На 26.4.17 не е присутен ЈО,зафатен со притворски предмет.На 7.6 и 6.9 и 26.10.2017 не е присатен судија.На

20.2.2018 не е присатен ЈО, бранител на 1-вообвинет-спречен и сведоци.Судијата пак бара известување од МВР за умрен обвинет.На 16.4. 2019 не е присутен ЈО и бранител на 1-вообвинет.На 30.5.2019 не е присатен ЈО и обвинети и сведок.На 13.9.2019 не е присутен оштетен и еден сведок,одржана јавна расправа и сослушан сведок.На 25.10.2019 не е присутен сведок-отпатувал, сослушани присатни сведоци.На 17.12.20219 не е присутен сведок, нема доказ за уредна, да се викаат сведоци сослушани вон расправа.На 11.2 2020 не е присутен бранител на 1-во обвинет-има други обврски, викани сведоци, еден во Ш.На 13.3.2020 не присутен ЈО и сведоци, не е постапено по барање од МВР.Поради вонредна состојба одложено за 26.6. 2020 На 26.6 2020 не е присутен ЈО и обвинет и сведоци.На 29.9 2020 одржана јавна расправа ,сослушан сведок.На 3.11.2020 не е присатен ЈО и сведоци.На 10.12.2020 не се присутни сведоци, не е постапено по ургенција, бранител позитивен на Ковид19. На 4.2.2021 не се присутни обвинети, сведоци недостапни, за еден утврдена адреса.На 12.3.2021 не е присатен сведок- не е постапено по наредба за спровод, другите не се достапни.Сведокот кој дошол, не носи решение за промена на лично име.На 13.4.2021 не е постапено по наредба за приведување.На 3.6.2021 не е присутен ЈО и сведоци.На 7.9.2021 не е присутен ЈО и сведоци.На 14.10.2021 не е присутен 1-вообвинет и сведоци, не е спроведен другите не е се достапни.На 23.11.2021 не е присутен бранител на 1-вообвинет и сведок не е спроведен.Известен судот дека сведокот не е пронајден, никој не отвара.На 21.12.2021 одржана јавна расправа,поради проток на 90 дена и одложена.На 11.2.2022 не е присутен 1-вообвинет, бранител вика дека е позитивен и сведоци недостапни.На 5.4.2022 не се присутни обвинети уредно викани, одложено да се спроведат.На 13.5.2022 одржана јавна расправа, одложено заради презентација на материјал снимен на ЦД.На 21.6.2022 не е присутен ЈО.На 23.9.2022 одложено за обезбедување на техничка опрема и постапка да почне од почеток.На 27.10.2022 одржана расправа со завршни зборови, одложено за објава.Објава на 1.11.2022 огласени за виновни,условна осуда.Пресудата е експедирана во декември 2022. Жалба од обвинети , испратена и примена од ОЈО, спремен за А.

Предметот бил даден во работа на судија С. Л. на 19.06 2015 година , прераспределен е рачно кај судија М. А. В. , на 13.01 2016 , а на 10.01с 2018 даден во работа со автоматкса рапределба на судија С. А.

**Констатација:**Постапката отпочнала по обвинителен предлог поднесен на 16.06.2015, се води скратена постапка, а во изминатиот период прв пат е донесена одлука на 1.11.2022 година.

**5. К.бр.445/18**

Обвинителен акт од 9.2.2011 против Р. М. и Ј. П. за дејствија превземени на 17.1.2010, со кое е сторено кр.дело изнуда по чл. 258 ст. 1 вв со чл.22 од КЗ, а 2-рообвинет по чл. 258 ст 1 вв со чл.22 во вв со чл. 19 од КЗ.Оформен предмет под К.бр.438/11.На 29.3.2011 не е присутен ЈО и 2-рообвинет, за кој нема доказ.Писмо за достапност за 2-рообвинет.На 12.5.2011 не е присутен ЈО уредно викан и адвокат на оштетен.Поднесок со предлог сведоци од бранител на 2-рообвинет.На 24.6.2011 не е присутен ЈО и бранител на 2-ро обвинет.На

27.9.2011 одржан главен претрес, сослушани обвинети и оштетен одложено за сведоци.На 17.11.2011 сослушани двајца сведоци, одложено за повикување на трет сведок.На 10.1.2012 сослушан трет сведок, одложено за завршни за 26.1.2012 , одржана расправа за завршни зборови, објава на 31.1.12 и изготвена пресуда со која се осудени.Пресудата е доставена во месец 2.2012.Изјавени жалби од бранители и лично , доставени во ОЈО, од месец 3-5.2012 и од ОЈО. По одржана јавна седница на 3.12.2012 АССкопје со КЖ.бр.881/12 од 3.12.2012 усвоил жалби. Првостепен суд на 7.3.2013 закажал претрес кој е одложен , не се присатни ЈО, 2-рообвинет, не е постапено по наредба за донесување од затвор, бранител на 1-вообвинет ангажиран на др.предмет, оштетен и неуредно викан сведок.На 25.4.2013 не е присутен 2-рообвинет, не е одговорено на писмо за достапност и оштетен, погрешно викан.На 27.6.2013 не е присутен 2-рообвинет,за кој бранителот изјавува дека е во притвор.На 3.10.2013 не е присутен 1-вообвинет, за кого бранител кажува и доставува потврда дека е болен и 2-рообвинет не е спроведен.Негов бранител откажува полномошно.На 5.11.2013 не е присутен 2-рообвинет, има сознание дека е ослободен од притвор, а ја има примено поканата. Наредба за присилно доведување.На 23.1.2014 сите присутни само 2-рообвинет нема бранител не знаел дека е откажано.На 20.2.2014 бранителот на 2-ро обвинет бара одлагање за подготовка, ангажиран на 19.2.2014 На 27.3.2014 одржан главен претрес, сослушан сведок, оштетен и прифатен предлог на одбрана за сослушување на сведоци.На 28.3.2014 одбиено барање на 1-вообвинет за изземање на судијата.На 6.5.2014 одржан главен претрес , сослушани сведоци, одложено за заврши зборови,по барање на обвинител за доставените писмени докази. На 20.5.2014 дадени завршни зборови и објавена пресуда, со која се ослободени од обвинение. На 9.6.2014 жалба од ОЈО, одговор на жалба од 1-вообвинет од 27.6.2014 и од бранител. Со КЖ1647/14 од 6.10.2014 усвоена жалба на ОЈО и укината првостепена пресуда, пратена на првостепен на 27.10.2014. Предметот заведен под К.бр.3347/14 и прераспределен на В.Туфегџиќ од 1.1.2015.Претрес на 6.3 2015 не е присутен ЈО и обвинети, нема доказ за уредна покана.На 20.4.2015 не е уредно викан 2-рообвинет, писмо за достапност.На 13.5.2015 не е постапено од МВР.Исто на 7.9 и 2.10.2015.На 6.11.2015 сите присутни, 2-рообвинет донесен од КПУ Идризово одржан главен претрес и сослушани обвинети и оштетен , одложено за сведок.На 30.11.2015 сослушан сведок, дадени завршни зборови, закажана објава за 4.12.2015. На 4.12 2015 судот носи решение за преотварање, за да се изврши соочување на обвинети и оштетен.На 18.1.2016 не е спроведен 2-ро обвинет од КПУИдризово.Исто и на 12.2.2016.На 14.3.2016 не е присутен ОЈО и 2-ро обвинет,нема доказ за уредна покана, на домашна адреса.На 13.4.2016 исто.На 30.5.2016 за 2-ро обвинет не е доставено известување за достапност.На 7.9.2016 не е присутен ОЈО, други се присутни.На 5.10.2016 не е присутен ОЈО и 1-вообвинет.На 7.11.2016 не е присутен ОЈО.На 12.12.2016 не е присутен ОЈО.На 23.1.2017 одржан претрес, одложено за завршни зборови.На 3.2.2017 дадени завршни зборови и објавна пресуда,со која се ослободени од обвинение. Пресуда експедирана во 4-ти месец 2017, ја нема во списи.Жалба од ОЈО 20.04.2017, одговор од 1-вообвинет на 19.06.2017. Со КЖ-958/17 од 15.1.2018 уважена жалба и укината пресуда. На 21.2.18 пратени списи до основен суд. Предметот заведен под К-445/18 распореден кај судија С. А. На претрес од 29.6.2018 не е присутен ЈО, обвинети-известен не побарал,сведоци и др. На 4.10.2018 не се присутни 2-рообвинет уредно викан,

бранител на 1-во обвинет, оштетен и сведоци, сите уредно викани.На 23.4.2019 не е присутен 2-ро обвинет, уредно викан и сведоци.Наредба за приведување на обвинетиот.На 2.7.2019 не се присутни 1-вообвинет-нарушена здравствена состојба според бранител,за 2-рообвинет не е постапено по наредба.Од МВР одговор дека не е пронајден на адресата.На 8.10.2019 не е присутен ЈО уредно викан, 1-вообвинет –не побарал,2-ро обвинетиот не е најден.Наредба за 2-рообвинет и барање за адреса за еден сведок.На 28.11.2019, 1-во обвинет –известен не побарал,за 2-ро обвинет не е постапено по наредба и сведоци уредно повикани.Наредба за обвинети за приведување.За 2-рообвинет известување од МВР од 25.12.2019 дека е во затвор.На 24.1.2020 не е присутен 2-ро обвинет( не е баран од затвор) и сведоци.Наредба за приведување сведоци и 2-ро обвинет.Поради вонредна состојба, одложено за 26.6.2020. На 26.6.2020 не е присутен ЈО,2-ро обвинет не е спроведен, бранител на 1-во обвинет и сведоци.На 29.9.2020 не е присутен 2-ро обвинет-не е спроведен од КПУ, сведоци.На 5.11.2020 не е присутен 1-вообвинет-нарушена здравствена состојба се дава потврда, 2-рообвинет не е веќе во затвор, за сведоци нема доказ.На 15.12.2020 не е присутен 1-вообвинет нема доказ за уредна покана, 2-рообвинет иселен, присутен бранител и сведоци.На 9.2.2021 не е присутен 2-рообвинет, според МВР не бил дома, бранител на 1-вообвинет и сведоци.На 23.3.21 не се присутни сведоци, одржан главен претсрес, сослушани обвинети и оштетен и еден сведок, одложено за др.сведоци.На 4.5.21 не е спроведен 1-вообвинет од КПУ Идризово, 2-рообвинет уредно викан и сведок кој не е достапен.На 28.5.2021 не е присутен бранител на 1-вообвинет, кој известил за спреченост и сведоци,кои се уредно викани.На 10.6.2021 не е присутен бранител на 1обвинет, нема доказ за уредна.На 14.9.2021 не се присутни сведоци.На 7.10.2021 не се присутни оштетен, сведоци-неуредно викани.На 26.10.2021 одржан главен претрес и сослушани сведоци.На 16.11.21 одржан главен претрес, дадени завршни зборови.**На 18.11.2021 објавена пресуда, со која се ослободени од обвинение. Изготвената пресуда експедирана на 1.02.2023 ( прилог-копија од последна страна).** Жалба од ОЈО на 17.02.23, одговор на жалба од 1-во обвинет лично на 8.3.2023.Предметот подготвен за А.

Сопоред Контролникот што с води во ССРСМ одлуката е верифицирана на 10.01 2023 година

**Констатација :**Да се побара изјава од судијата С. А., во однос на долгиот период за изготвување на пресудата.

### 6. КОК бр.77/21

Обвинителен акт против Ј. Ј. и Ј. Г. за дејствија превземени во период од октомври 2012 до 13.4.2017, како службени лица за кр.дело Злоупотреба на сл.positionжба и овластувања по чл.353 ст.5 вв ст.3 и 1 вв чл.22 од КЗ точка 3 перење пари и др. приноси предвиден во чл 273 ст 1 од КЗ, а со дејствија опишани во точка 5 кривично дело неовластено изработување , држење и тргување со оружје по чл. 396 ст. 1 од КЗ, а 2-рообвинета злоупотреба на службената положба по чл.353 ст. 5 вв ст.3 и 1 вв чл.22 од КЗ и кривично дело перење пари по чл 273 ст.1 од КЗ. Обвинителниот акт е поднесен на 10.5.2021, заведен под КОК бр.77/21.Приговор на обв.акт од бранител на 2-рообвинет од 26.5.2021 и бранител на 1-вообвинет од иста дата.Наредба КОК ООА бр.13/21 од 3.6.2021 се примаат на чување предмети , наведени

во решение. СО КОК-ПП бр 281/20 од 25.12.2020 определени мерки на претпазливост-забрана за напуштање живеалиште за 2-ро обвинета и одземена патна исправа.Одржано рочиште за оценка на обв.акт на 2.7.2021 и донесено решение со кое приговорите се одбиваат.Предметот распореден кај судија Н. С., бара изземање, учествувал во претходна постапка, изземен на 4.8.2021.На расправа-судија В. Н. М., од 28.9.21 не е присутен ЈО, 1-вообвинет уредно повикан.На 3.11.2021 одржана јавна расправа, сослушани обвинети,одложено за воведни говори на одбраната.На 3.12.2021 не е присутен бранител на 2-рообвинет-на отворено боледување.На 7.2.2022 воведни говори на странки и одбрана, одложени за сведоци.На 23.3.2022 одржана главна расправа , сослушан сведок.На 29.3.2022 сослушан др.сведок.На 11.5.2022 не е присутен 1-вообвинет од здравствени причини,за што доставува извештај бранител.Со КОК-КР бр.360/22 од 29.6.2022 одбиено барање са укинување мерки за претпазливост на 2-рообвинета.На 7.7.2022 одржана јавна расправа, се пристапува кон изведување на материјални докази, па бидејќи е исполнет план за работа, одложено.На 30.8.2022 не е присутен од ОЈО.На 17.10.2022 одржана јавна расправа поради протек на 90 дена ,бидејќи е исполнет план, одложено за 10.11.2022.На 10.11.2022 не е присутен ЈО.На 1.12.2022 одржана јавна расправа, се изведуваат материјални докази на обвинителство, изјавени приговори.На 14.12.2022 не е присутна 2-рообвинета од здравствени причини.Приговор на докази од бранител на 1-вообвинет од 14.12.2022.Приговор од бранител на 2-рообвинет од 30.01.23.На 6.02.2023 не е присутен ЈО и бранител на 2-ро обвинет барал одлагање.На 6.3.2023 не е присутен бранител на 2-рообвинет,барал одлагање со поднесок.На 5.4.2023 одржана јавна расправа поради протек на 90 дена одново, изведени материјални докази, се констатира повлекување на определени докази од обвинителство, изведени докази предложени од одбраната, одложено за 12.5.2023 за да се вика технички советник и сведоци.Закажани расправи и за 29.5.2023 и за 14.6.2023 за сведоци.Постапката се уште е во тек.

Членот на Советот, **Х. З.**, како член на работната група, изврши увид во следните предмети :

1. **Кбр.-414/22 врска предмет К.бр.635/20 – стар предмет**

Предметот **Кбр.-414/22** во кој е извршен увид примен е во Основниот К. суд на ден 12.03.2020 година, воден од страна на судијата О. Р., со предлог за издавање на казнен налог против обвинетите Ф. С. од С. и А. С. од С. за кривично дело загрозување на безбедноста на собраќајот од чл.297 ст.3 вв. со ст.1 од КЗ.

На ден 16.03.2020 година судот со пресуда за издавање на казнен налог, обвинетите Ф. С. од С. и А. С. од С., се огласуваат за виновни и се осудуваат на парична казна од 18.450, денари. Од кога е донесена пресудата судот направил обид за достава на пресудата но по тоа не успеал со тоа што доставниците се враќале со назнака дека истите не се достапни за органите на прогонот и не може да се врши достава на пресудата од кои причини судот од како се уверил на таа околност постапува на тој начин што истите ги објавува на судска табла на судот.

На ден 02.12.2021 година од страна на обвинетиот Ф. С. преку полномошник адвокат Г. К. од С. поднел барање за повторување на кривична постапка. Судот по однос на поднесеното барање донесува решение на ден 17.12.2021 година, и дозволил враќање на поранешна состојба и тоа во фаза на достава на пресуда.

Со решение од 04.04.2022 година се запира кривичната постапка поведена пред Основиниот к. суд С. по обвинителниот предлог КО.бр.2055/19 од 04.03.2020 година, за кривично дело Загрозување на безбедноста во собраќајот од чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ, поради апсолутна застареност на кривичното гонење, сметајќи дека се исполнети законските услови за истото. Истиот предмет **е поднесен од ОЈО Скопје 8 месеци пред и да настапи апсолутна застареност на кривичното гонење.**

1. **Кбр.-391/22 - застарен**

Предметот **Кбр.-391/22** воден од страна на судијата М. С., истиот примен во Основниот К. суд на ден 22.02.2022 година, по КО 4 бр.863/17 на ОЈО С. од 16.02.2022 година, со предлог за издавање на казнен налог против обвинетата М. П. од С., за кривично дело загрозување на безбедноста на собраќајот од чл.297 ст.3 вв. Со ст.1 од КЗ, делото сторено на ден 21.06.2017 година.

На ден 01.03.2022 година судот со решение К.бр.391/22 ја запрел кривичната постапка против обвинетата М. П. од С., за кривично дело загрозување на безбедноста на собраќајот од чл.297 ст.3 вв. Со ст.1 од КЗ, поради апсолутна застареност на кривичното гонење, истиот предмет е доставен во судот на ден 22.02.2022 година, настанот се случил на ден 21.06.2017 година што значи рокот за застареност настапува на ден 21.06.2021 година, **предметот од кога е доставен до судот веќе бил застарен**.

2. **Кбр.-1954/22 – застарен**

Предметот **Кбр.-1954/22** воден од страна на судијата Л. П., истиот примен во Основниот К. суд на ден 16.09.2022 година, по КО 4 бр.863/17 на ОЈО Скопје од 16.02.2022 година, со предлог за издавање на казнен налог против обвинетиот Ѓ. С. од С., за кривично дело загрозување на безбедноста на собраќајот од чл.297 ст.3 вв. Со ст.1 од КЗ, делото сторено на ден 21.06.2017 година.

На ден 20.09.2022 година судот со пресуда за издавање на казнен налог, обвинетиот Ѓ. С. од С., се огласува за виновен и се осудува на парична казна од 21.350,00 денари, додека оштетените се упатуваат на спор.

На ден 04.10.2022 година од страна на обвинетиот е поднесен приговор преку полномшникот С. А. адвокат од Скопје.

На ден 31.10.2022 година судот закажал расправа, која е одложена од причини што немал законски претпоставки за одржување на истата бидејќи обвинетиот немал уредна достава, во поканата било назначено дека истиот отпатувал, следна расправа била закажана за ден 15.11.2022 година, на која пак судот констатира дека нема уредна достава за обвинетиот и дека истиот не бил уредно канет, а во едно бранителот на обвинетиот на расправа пред судот побарал да постапката против обвинетиот биде запрена бидејќи настапило апсолутна застареност на кривичното гонење, со што судот согласно чл.108 ст.6 вв. Со чл.107 ст.1 т.6 од КЗ донел решение за запирање на постапката а

оштетените ги упатил во спор за евентуално имотно побарување. Воречшениетo е констатирано дека делото е извршено на ден 05.11.2018 година, поднесено од страна на ОЈО С. на ден 16.09.2022 година, и дека согласно законските прописи за истото дело настапува апсолутна застареност на ден 05.11.2022 година, што значи дека судот ги презел сите неопходни мерки но предметот бил **поднесен во судот два месец пред да настапи апсолутно застареност на кривичното гонење.**

**4 Кбр.-1890/22 врска со предмет К.бр.582/21 – застарен**

Предметот **Кбр.-1890/22** воден од страна на судијата Т. В. С., истиот примен во Основниот К. суд на ден 06.09.2022 година, по КО бр.3871/19 на ОЈО С. од 23.02.2021 година, против обвинетите Д. Б. од С, за кривично дело Тешка кражба по чл.236 ст.т.1 од КЗ, и Е. С. од С., за кривично дело Прикривање од чл.261 ст.2 вв. со ст.1 од КЗ.

На одржаната расправа на ден 25.08.2022 година, обвинетиот Д.Б. од С., пред судот признава вина и по однос на истиот обвинет раздвоена е постапката и предметот заведен првично по К.бр.582/21 додека за другиот обвинет се води со К.бр.1890/22.

На ден 13.10.2022 година судот на закажаната расправа поради немање на законски услови за одржување на истата поради не уредна достава за обвинетиот го одлага расправата за ден 22.11.2022 година, со барање до МВР ПСОН Чаир за приведување на обвинетиот за наредна расправа но по истата наредба не е постапено и судот по службена должност на ден 18.10.2022 година констатира дека за кривичното дело прикривање од чл.261 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ застарува по истекот од 2 години а бидејќи делото е сторено на ден 12.10.2018 година, и на ден 12.10.2020 година настапило апсолутна застареност на кривичното гонење, со што судот согласно чл.108 ст.6 вв. со чл.107 ст.1 т.6 од КЗ донел решение за запирање на кривичната постапка против обвинетиот Е. С. од С., за наведеното кривично дело. По однос на овој предмет **до застарување настанало поради вина на ОЈО С.бидејќи обвинителниот предлог бил поднесен на ден 03.03.2021 година,кога веќе била настапена застареноста на кривичното гонење по однос на наведеното кривично дело за обвинетиот Е. С. од Скопје. Судот имал можност да ја запре постапката по приемот на обвинението во однос на втообвинетиот и да не се прават трошоци со повикување на ова лице.**

3. **Кбр.-3079/20 –застарен**

Предметот **Кбр.-3079/20** воден од страна на судијата А.Р., истиот примен во Основниот К. суд на ден 24.11.2020 година, по КО бр.3/16 на ОЈО С. од 20.11.2020 година, со предлог за издавање на казнен налог против обвинетата Ј. К. од С., за кривично дело загрозување на безбедноста на собраќајот од чл.297 ст.3 вв. Со ст.1 од КЗ, делото зас за второбвинетиоттарува на ден 11.09.2019 година.

На ден 25.11.2020 година судот со пресуда за издавање на казнен налог, обвинетата се огласува за виновна и се осудува на парична казна од 18.450,00 денари, додека оштетените се упатуваат на спор.

На ден 15.12.2020 година од страна на обвинетата Ј. К. од С., поднесен приговор преку полномшникот Т. С. адвокат од С.

На ден 15.02.2021 година судот закажал расправа, која е одложена од причини што немал законски претпоставки за одржување на истата бидејќи обвинетата немал уредна достава, а од страна на адвокатот е известен судот дека обвинетата се наоѓа во Р.Г., расправата е одложена за ден 24.03.2021 година, и на истата судот бил известен дека обвинетата се уште се наоѓа во Р.Г., по што судот го одлага расправата за ден 21.05.2021 година, исто така предметот се одлага неколку пати од исти причини бидејќи обвинетата не е достапна за органите на прогонот, кој го известува на ден 07.07.2021 година дека обвинетата е мажена во Р.Г. по информаци на МВР-СВР С., и предметот се закажува за ден 13.10.2021 година, а од истите причини го одлага за ден 01.12.2021 година, и на ден 26.01.2022 година судот по службена должност носи решение и ја запира кривичната постапка против обвинетата Ј.К. од С., за наведеното кривично дело бидејќи настапило апсолутна застареност на кривичното гонење.

На ден 03.02.2022 година од страна на ОЈО С., против истото решение е поднесено жалба до А. суд С., истиот суд со решение КЖ.бр.364/22 од 29.06.2022 година решението на Основниот к. суд К.бр.364/22 го потврдува.

Од страна на адвокатот на обвинетата на ден 27.10.2022 година поднесено е барање за исплата на трошоци сторени во текот на постапката, судот со решение ја прифатил истото барање и досудил трошоци од вкупен износ од 49.088,00 денари.

По однос на истиот предмет треба да се напомене дека предметот кога **е поднесен во судот веќе настапило апсолутна застареност, и тоа на ден 11.09.2019 година, додека ОЈО С. поднел предлог на ден 24.11.2020** година, веќе една година од кога настапило застареноста на кривичното гонење.Судот неоправдано закажал расправа , можел да ја запре постаклата по приемот на обвинитео, со што се правени непотребно трошоци.

### 4. К.бр.1974/15- застарен

Предметот К.бр.1974/15 воден од страна на судијата С. Н. Ј., истиот примен во Основниот К. суд на ден 19.06.2015 година, по КО бр.374/12 на ОЈО С. од 20.11.2020 година, со обвинителен акт предлог за издавање на казнен налог против обвинетата Ј. К. од С., за кривично дело загрозување на безбедноста на собраќајот од чл.297 ст.3 вв. Со ст.1 од КЗ, делото застарува на ден 11.09.2019 година.

На ден 25.11.2020 година судот со пресуда за издавање на казнен налог, обвинетата се огласува за виновен и се осудува на парична казна од 18.450,00 денари, додека оштетените се упатуваат на спор.

На ден 15.12.2020 година од страна на обвинетата Ј. К. од С., поднесен приговор преку полномшникот Т. С. адвокат од С.

На ден 15.02.2021 година судот закажал расправа, која е одложена од причини што немал законски претпоставки за одржување на истата бидејќи обвинетата немал уредна достава, а од страна на адвокатот е известен судот дека обвинетата се наоѓа во Р.Г., расправата е одложена за ден 24.03.2021 година, и на истата судот бил известен дека обвинетата се уште се наоѓа во Р.Г., по што судот го одлага расправата за ден 21.05.2021 година, исто така предметот се одлага неколку пати од исти причини бидејќи обвинетата не е

достапна за органите на прогонот, кој го известува на ден 07.07.2021 година дека обвинетата е мажена во Р.Г. по информаци на МВР-СВР С., и предметот се закажува за ден 13.10.2021 година, а од истите причини го одлага за ден 01.12.2021 година, и на ден 26.01.2022 година судот по службена должност носи решение и ја запира кривичната постапка против обвинетата Ј. К. од С., за наведеното кривично дело бидејќи настапило апсолутна застареност на кривичното гонење.

На ден 03.02.2022 година од страна на ОЈО С., против истото решение е поднесено жалба до А. суд С., истиот суд со решение КЖ.бр.364/22 од 29.06.2022 година решението на Основниот к. суд К.бр.364/22 го потврдува.

5. **К.бр.789/14 –стар предмет**

Предметот **Кбр.-789/14** воден од страна на неколку судии а последните години од страна на судијата Е. И. Ј., истиот примен во Основниот К. суд на ден 13.03.2014 година, по КО бр.78/11 на ОЈО С., за кривично дело Даночно затајување од чл.279 ст.2 в.в. ст.1 од КЗ, против обвинетите Г. С. од С., И. Р. од К., С. С. од С., К. С. од С., Ѓ. Н. од К. и В. М. од С. Предметот е воден по стар ЗКП, по истиот предмет судот закажал 51 главни претреси и тоа прв, од 08.05.2014 година и последен на ден 28.12.2022 година каде го **завршува предметот и закажува објава на одлука за ден 30.12.2022 година, каде во предметот од наведениот датум од страна на судот не е преземено ни едно дејствије, истот може да се констатира и од извадокот од АКМИС програмата кој се однесува за истиот предмет.**

6. **К.бр.1974/15 – стар предмет**

Предметот **Кбр.1974/15** првично е воден од страна на судијата С. Н. Ј., од 2017 година истиот предмет до ден денеска го води судијата М. С., истиот примен во Основниот К. суд на ден 19.06.2015 година, по КО бр.374/12 на ОЈО С., за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 ст.4 в.в. ст.3 в.в.со ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ, против обвинетите И. П. П. од С. и Г. П. од С. Предметот е воден по стар ЗКП, по истиот предмет судот закажал 56 главни претреси и тоа прв од 24.09.2015 година и последно на ден 11.05.2023 година каде предметот е во тек и во завршна фаза, од проверка во системот предметот се уште е во тек, а како причини за одовлекување на истиот предмет произлегува дека повеќе пати било пратен на економско вештачење, во предметот стои податок дека истиот е вратен од Бирото за судски вештачења на ден 05.07.2022 година, по што судот постапил по истиот предмет од кога го примил од Бирото за с. В., доставил копии од вештачењето до странките, последен закажан термин за одржување на главен претрес е 11.05.2023 година, предметот се уште во постапка.

**7.К.бр.2523/16 врска со предмет К.бр.1617/16 – стар предмет**

Предметот **Кбр.-2523/16** воден од страна на судијата С. Р., истиот примен во Основниот К. суд на ден 27.07.2016 година, по приватна тужба на ДППТУ и СКУ ГРЕЕН ДООЕЛ-С.,поднесено преку адвокат М. М. А. од С.,

против обвинетиот Н. Ј. од Т., за кривично дело Злоупотреба на доверба од чл.252 ст.1 од КЗ.

Судост со решение К.бр.1617/16 од 05.09.2016 година, приватната кривична тужба поднесена од страна на ДППТУ и СКУ ГРЕЕН ДООЕЛ-С., против обвинетиот Н. Ј. од Т., ја отфрла како неблаговремена. На ден 23.09.2026 година поднесена е жалба, со решение КЖ.бр.1022/16 од 23.11.2016 година, на А. суд С., жалбата на ДППТУ и СКУ ГРЕЕН ДООЕЛ-С., е уважена решението К.бр.1617/16 се укинува и предметот се враќа на повторно одлучување. Од како предметот е вратен се заведува под нов бр.2523/16, судот закажува расправа за ден 18.01.2017 година, судот констатира дека по однос на истиот кривично правен настан поднесено е кривична пријава за истиот обвинет за кривично дело Проневера во служба од чл.354 ст.1 од КЗ, заведено под КОЗ бр.387/16 од причини што било потребно да се провери до каде е постапката по тој предмет, задолжен е полномошникот на оштетените да го извести судот, предметот е одложен за ден 01.03.2017 година. На закажаната расправа, а донесен и нов годишен распоред истиот предмет доделен е на друг судија **С. А.** По однос на поснесенат кривична пријава под КОЗ бр.387/16 истата кривична пријава е отфрлена со решение од 29.05.2017 година од страна на ОЈО Скопје. Предметот е одложен неколку пати поради немање уредна покана за обвинетиот а истот така од причини што се водело и друга постапка по службена должност предметот е **одложен за неопределено време од 14.03.2018 година и од тогаш не е преземено ниедно дејство од страна на судот, предметот е се уште во тек, истото може да се констатира и од извадокот од АКМИС програмата кој се однесува за истиот предмет.**

Членот на Советот, **С. Г.** изврши увид во следните предмети:

1. **К бр.209/13**

Како постар предмет истиот беше на увид и констатира дека обвинителен акт примен во судот 24.01.2013 година за кривично дело од член 188 став 1 од КЗ, обвинет Ф. Г. истрагата била почната со решение КИ бр 262/2009 година.

Прво рочиште е одржано на 01.04.2013 година, судија М. К. обвинетиот бил отсутен за што бил побаран податок од МВР од каде судот е известен дека обвинетиот бил во странство во Р.Г. и бил недостапен.

На 10.10.2013 година друг судија Б. К. постапувал по овој предмет и во отсуство на обвинетиот донела пресуда од 10.10.2013 година со која го огласила за виновен, а оваа пресуда станала правосила на 08.05.2014 година. Од страна на бранител на обвинетиот било поднесено барање КПОВ евидентирано 294/15 од 23.07.2015 година притоа кривичниот совет го дозволил повторување на кривичната постапка поради судењето во отсуство.

Од страна на судија М. Г. било одржана расправа рочиште на 11.11.2015 година под Кбр. 2459/15 и повторно во отсуство на обвинетиот била донесена пресуда со 10 години казна затвор која пресуда станала правосилна 15.02.2016 година.

Повторно од стана на бранителот било поднесено предлог за повторување на постапката поради судење во отсуство КПОВ 82/17 од 01.12.2017 година каде кривичниот совет го дозволил повторување на постапката.

Овој предмет добива нов кривичен број **К бр.1902/17** притоа веќе постапува друг судија односно **Е. И. Ј.**, предметот бил насрочуван сметано од 30.03.2018 година но поради неуредноста на поканата односно обвинетиот бил недостапен и предметот се одлагал се до 07.11.2018 година каде на овој датум се јавил обвинетиот со неговиот бранител но побарал да прими обвинителен акт и откако примил се одложило за 30.01.2019 година. Потоа биле закажувани рочишта но сметано од 01.07.2019, 30.09.2019 и 13.11.2019, 23.12.2019, 10.02.2020, 18.03.2020,17.06.2020, 04.09.2020, 28.09.2020, 04.11.2020 , 09.12.2020, 01.02.2021, 17.03.2021, 28.04.2021, 09.06.2021, 13.09.2021. 29.09.2021, 17.11.2021, 24.01.2022, 09.03.2022, 19.10.2022, 05.12.2022, 15.02.2023 и 27.03.2023 година се до 05.12.2022 година јавниот обвинител кој постапувал по овој предмети иако уредно повикуван не се јавувал на закажаните рочишта а во најголем дел не се јавувал и обвинетиот и за причина за тоа се одлагале рочиштаата. Последно одржано рочиште било одржано 27.03.2023 година каде судот издал наредба за психијатриско вештачење на обвинетиот и постапката сеуште трае но се констатира дека **придонес за повеќевременско одлагање на рочиштата е поради не јавување на јавниот обвинител на закажаните рочишта иако уредно поканет кое нешто е констатирано на самите записници.**

**2. К бр.806/10**

Оформен по обвинителен акт кој е примен во судот на 26.02.2010 година против обвинетиот А. И. за кривично дело убиство член 123 став 1 од КЗ, судија кој постапува по овој кривичен предмет била С. К., прво рочиште било одржано 01.11.2010 година истото било одложено за 08.11.2010 година кога било завршено рочиштето со дадени завршни зборови, но на 11.11.2010 година било закажано рочиште за објавување на пресуда но тогаш се претворила завршената кривична постапка и се закажало рочиште за 22.12.2010 година притоа била донесена пресуда К бр.806.10 на 27.12.2010 година на казна затвор на 3 години и 6 месеци по повод жалба од обвинетиот А. суд со Пресуда КЖ бр 972/11 жалбата ја одбива а првостепената Пресуда била потврдена и станала правосилна.

По барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда примено на ден 21.11.2011 година В. суд Кбр. бр280/11 барањето го уважува а се укинуваат двете пресуди првостепената и второстепената.

Предметот добива нов К бр.646/12 и бил распорден кај судија С. К. било закажано рочиште на 02.05.2012 година кое било одложено и се закажало ново рочиште на 18.06.2012 одложено за 10.09.2012 па одложено за 19.09.2012 кога се одржало рочиштео на 14.11.2012 година била извршено увид со реконструкција на настанот а потоа било одлагано рочиштето сметано од

10.12.2012 година се до 04.04.2014 година кога во меѓувреме биле одложени 9 рочишта поради отсуствоо на обвинетиот или на бранителот. На 07.04.2014 година била донесена пресуда К бр 646/12 каде му е изречена казна затвор во траење од 6 година.

По повод жалба со пресуда КЖ бр 2022/14 од 09.02.2015 била потврдена првостепената пресуда а одбиена жалбата.

По поднесено барање за повторно преиспитување на правосилна пресуда до В. суд на 18.05.2015 година В. суд донел пресуда КВП 76/15 со кое барањето се уважува се укинуваат прво и второ степените одлуки на ден 12.07.2017 година.

Овој предмет добил **нов К бр 1587/17** и бил распорден кај **судија Е. Ј.**, прво рочиште било закажано за 21.02.2018 година кога била одржана распаравата па одложена потоа следуваат закажување на повеќе рочишта сметано односно 14 рочишта биле одложувани сметано од 01.06.2018 се до 27.01.2020 поради недоаѓање на обвинетиот а во 5 рочишта не се јавил и ЈО. На ден 26.02.2020 била одржана расправа со распит на вешти лица а потоа повторно било одложено рочиштето поради кога КОВИД 19 вирусот било одлагано од 06.07.2020, 28.09.2020, 26.10.2020 па на 25.11.2020 било изготвено и доставено вештачењето на вештите лица но повторно се одлагаат рочиштата. На 25.01.2021 судијата бил на боледување, па било одложено за 10.03.2021 па олежено за 21.04.2021 гога бил отсутен ЈО па одложено за 16.06.2021 кога се одржало рочиште но повтроно одложено за 20,09.2021 кога бил отсутен ЈО па одложено за 01.10.2021 година кога повторно ЈО бил отсутен и се одложило рочиштето за ден 17.11.2021 година кога се одржала расправата изведени доказите и расправата со заврши зборви била завршена на 17.12.2021 година. На денот на увидот во овој кривичен предмет сеуште не беше напишана пресуда со тоа што лично побарав да разговарам со судија од кој причини сеуште не е изготвена писмена пресуда ниту е објавена но добив известување дека во месец април 2023 година кога се вршеше контролата судијата бил на боледување околу 15 дена за што побарав да разговарам со стручниот соработник кој работел со судијата, но добива одговор од судот дека и стручниот бил отсутен и го побарав записничарот А. Ј. која работела со судијата, истата во разговор ми пренесе дека судијата била на боледување и дека пресудата била објавена но не била писмено изготвена.

**Констатација** : за период **од 17.12.2021 година кога била завршена кривичната постапка со дадени завршни зборови па се до моментот на вршењето на контролата месец април 2023 година кога сеуште не е изготвена писмено пресуда ниту постои писмен акт дека е објавена за период од околу 1 година и 3 месеци** апсолутно е неоправдано и недозволиво да за толкав период не се објави и изготви во писмена форма пресудата.

Според Контролникот што се води во ССРСМ одлука е верифицирана на 09.05 2023.

3. **К.бр.889/17**

Оредметот е офотмен по обвинение поднесено од ОЈО С. против осум обвинети лица за кривично дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување ‘’ од чл.353 ст.2 вв ст.1 и чл.45 од КЗ.

По овој предмет од ОЈО Скопје бил примен во судот на ден 22.05.2017г. Бил распределен преку АКМИС системот кај судија М. В. Прво рочиште било закажано на 12.10.2017 година. Истото било одложено поради неприсуството на вештите лица и по барање на дел од бранителите, со оглед дека било одложено ова рочиште било закажано ново за 24.11.2017 година, притоа и ова рочиште било одложено бидејќи бил отутен јавниот обвинител, а била отсутна и судијата. Предметот бил презакажан на ден 01.02.2018 година. Веќе бил прераспределен кај судијата **С. А.,** најверојатно прераспоредувањето било извршено поради нов Годишен распоред во судот. Закажаното рочиште од 01.02.2018 година поради отсуство на ЈО било одложено за 29.03.2018 година, притоа на оваа дата било повторно одложено судењето бидејќи бил отсутен еден од обвинетите, а имало и барање за одлагање од адвокат, па се закажало рочиште за 29.05.2018 година.

На 29.05.2018 година поради отсуство на ЈО било одложено за 20.09.2018 година. На 20.09.2018 година било одржано рочиште каде првообвинетиот признава вина и му е изречена условна осуда, за првообвинетиот од 20.09.2018 година, останатите обвинети не признаваат вина и постапката продолжува. Притоа рочиштето повторно е одложено за обвинетите кои не признале вина за 05.12.2018 година. И на ова рочиште не се јавил ЈО, бидејќи бил на конференција одржана од ОБСЕ, по што било закажано рочиште за 14.3.2019 година. Првообвинетиот бил отсутен, но сопругот на обвинетата пристапил во судот и изјавил дека таа била болна, за што доставил извештај од специјалист, за што рочиштето било одложено за 09.5.2019 година. На оваа расправа 09.5.2019 година не се присутни тројца обвинети и рочиштето е одложено за 04.07.2019 година каде повторно се одлага бидејќи не бил присутен еден од обвинетите, а бранителот доставил боледување за обвинетата, по што е одложено за 25.09.2019 година.На ова рочиште не се јавил еден од обвинетите и ЈО предложил мерка притвор во траење од 30 дена. Судот определил мерка притвор на еден од обвинетите поради недоаѓање и се одложило за 14.10.2019 година.

На одржано рочиште од 14.10.2019 година била одржана расправа, а по изведување на доказите , распит на сведоци се одлага за 28.11.2019г. На овој датум не се јавил еден од обвинетите и еден сведок, па се презакажало за 27.12.2019 година. На 27.12.2019 година не биле присутни двајца обвинети и повторно е одложено за 28.2.2020 година, повторно не биле присутни двајца обвинети и се одложило за 24.4.2020 година, притоа евидентирана е службена белешка од судијата С. А. каде е наведено дека поради ковид уредбата со законска сила на В. да се постапува само по притворски итни предмети и се закажало рочиште за 26.6.2020 година. И ова рочиште било одложено бидејќи кај еден од обвинетите имало позитивни лица заразени од ковид 19 и како причина се одложило за 01.10.2020 година. На 01.10.2020 година не бил присутен еден од обвинетите бидејќи бил позитивен на вирусот и повторно е одложено за 10.11.2020 година. На овој датум не се јавил еден од обвинетите и се одложило за 17.12.2020 година. На 17.12.2020 година не била присутна една

од обвинетите, бранителот приложил извештај за боледување и се одложило за 12.02.2021 година. На овој датум на рочиште од 12.02.2021 година не се присутни двајца обвинети и се одложило за 26.03.2021 година. На овој датум - 26.03.2021 година не се јавил ЈО-уредно поканет, а притоа било констатирано дека еден од обвинетите бил починат, а истовремено еден од бранителите бил заболен од ковид 19 поради што се одложило за 14.5.2021 година. На 14.5.2021 година повторно не се присутни двајца од обвинетите, за што се презакажало за 01.07.2021 година. На ова рочиште не е присутен еден од обвинетите и рочиштето се одлага за 21.09.2021 година. На ова рочиште од 21.09.2021 година не се присутни ЈО уредно поканет и еден од обвинетите и се презакажува за 26.10.2021 година. На ова рочиште од 26.10.2021 година не се присутни ЈО уредно поканет и еден од бранителите поради смртен случај за што се одлага за 30.11.2021 година. На 30.11.2021 година повторно не се јавил ЈО – уредно поканет, а не се јавил и еден од обвинетите, за што судијата издал наредба за приведување до МВР-ПС- С., а било одложено рочиштето за 25.1.2022 година. На ова рочиште од 25.1.2022 година не се присутни еден од обвинетите и бранителот на една од обвинетите бидејќи бил позитивен на ковид 19, па и ова рочиште било презакажано за 01.03.2022 година. На 01.03.2022 година не се присутни еден од обвинетите, а не било постапено ниту од страна на МВР по наредбата за приведување и како резултат на тоа судијата на записник констатирал дека настапила застареност за постапување по овој кривично правен настан за што било донесено решение К.бр.1666/18 од 01.03.2022 година за апсолутна застареност. На ова решение немало поднесено жалба и истото станало правосилно.

**Констатација:** во овој случај било одложувано рочиштето во повеќе наврати, а со оглед дека станува збор за обвинителен предлог како скратена постапка од ЗКП судењата кои се одлагале можеле да се одржуваат и во отсуство на некој од обвинетите уредно поканети кога биле недостапни, а воедно е контатирано дека во повеќе наврати до одлагање доаѓало поради неприсуство на јавниот обвинител, кое присуство е нужно за одржување на расправата.

4.**К.бр.1907/21,** настапила застареност во жалбена постапка пред АС С., КЖ.бр.1049/22 од 23.12.2022 година, а е констатирано дека предметот е примен од ОЈО С. во судот на 19.07.2021 година, била донесена пресуда на 13.10.2022 година, каде обинетиот бил осуден на казна затвор во времетраење од 10 месеци за кривично дело ,,Тешка кражба'', но застареноста е констатирана во жалбена постапка пред апелациониот суд со оглед дека кривичното дело било сторено во периодот на 2016 година, со констатација дека **премногу доцна е поднесено обвинение од ОЈО С.,** а од страна на судот било постапувано благовремено.

**5 К.бр.2065/22**, каде била донесена пресуда врз основа на казнен надлог како парична казна за кривично дело од чл.297 ст.3 од КЗ , но во жалбена постапка А. суд С. со решение КЖ.бр.1137/22 констатирал застареност со одбивателна пресуда согласно чл.402 ст.6 од ЗКП и во овој случај констатирано е дека многу доцна е поднесено обвинение од ОЈО односно од 28.09.2022 година, судот постапил веднаш со пресуда од 16.11.2022 година и изречена е парична казна, но во жалбена постапка е констатирана застареност

бидејќи станува збор за кривично дело и настан од 2018 година, така што и во конкрентиот случај е констатирано дека судот постапувал благовремено.

## Заклучоци:

1. На седница на судии во Основниот к. суд, судиите да се известат за констатираните неправнилности и посебно, во иднина да се обрне внимание на постапување согласно со ЗКП во врска со неоправдани отсуства на странки, бранител, вешти лица, констатирање на записниците на времето на завршување на рочиштата и да се организира состанок со записничарите и истите да се задолжат да почитуваат обврската : редовно да го внесуваат реалното време кога започнало и завршило рочиштетото, што е особено важно во врска со примена на Адвокатска тарифа и точно определување на надоместоците на адвокатите.
2. Да се побарат изјави до судиите за кои е утврдено дека постапките ноеправдано долго траат или одуките се изготвени со големо пречокорување на законските рокови
3. Во Основниот к. суд и во Апелациониот суд С.констатирана е пракса на запирање на кривичната постапка со решение или носење пресуда со која обвинененито се одбива поради настапена апсолутна застереност на кривичното гонење во постапка повторена, по поднесен вонреден правен лек по правосилност на пресудата кога на обвинетиот му е судено во отсуство поради недостапност на државните одгани, односно поради бекство, што е спротивно на суштината на институтот застареност на кривичното гонење во казненото право.

   Ова, посебно што гонењето е завршено со носење на правосилната пресуда, а повторувањето се дозволова со цел, единствено, обвинетиот да има можност да ги спротивстави своите аргументи и докази во врска со донесената пресуда, а пресудата може целосно да остане во сила, делумно да се стави вон сила, или целосно да се стави вон сила, но не поради апсолутна застареност на кривичното гонење затоа што гонесењето завршило кога е донесена правосилната пресуда. Уште повеќе нема правна логика, да се донесе решение за повторување на постаката поради тоа што обвинетиот му било судено во отсуство,дури и поради бекство , а судијата, односно претседателот на советот не ни закажува главна расправа, односно главен претрес согласно со стариот ЗКП, туку самиот донесува решение за запирање на постапката поради настапена апсолутна застареност на кривичното гонење. На овој начин се злоупотребува правото на повторување на постапката кога некој е суден во отсуство , и осудениот кој за да го избегне гонењето се дал во бекство, веднаш по пресметување на истекот на рокот за застареност, иако веќе гонењето е завршено со правосилна осуда, се враќа во државата и како награда за тоа добива целосно ослободување, надоместување на трошоците, оштетенит нема можност да ги наплати трошоците на постапката, а додека важеше стариот ЗКП дури и обвинетиот со стекнатиот имот од извршеното кривично дело да може непречено да располага и државата да му исплаќа надомест за евентуална штета на имотот или поради ограничување на одредени права.

Биодејќи значењето на институтот повторување на постапката, како вонреден правен лек, посебно во случај кога на осудениот му е судено во отсуство, дека со повторување на постаката му се овозможува правото на одбрана, дека веќе постои пресуда која е правосилна и со тоа гонењето е завршено, а на осудениот му се овозможува во повторената постапка да даде своја одбрана и во рамките на таа одбрана да се преиспита веќе донесената пресуда дали ќе остане во сила или делумно ќе се стави или целосно вон сила. Понатаму, имајќи во вид тоа што и Законот за к. постапка предвидел во член 351 став 2 дека барање за повторување на кривичната постака може да се поднесе и откако осудениот ја издржал казната, без оглед на застареност, амнестија или помилување, прашање е која е логиката на повторување на постапката, ако, се утврдува застареност на гонењето, во повторената постапка и всушност не се решава за околностите поради кои постапката е повторена, што исто упатува на тоа да целта на повторувањето на постапката е решавање за настанот дали кај осудениот постоела вина или не , а примената на институтот за стареност на гонењето е несоодветен во ваков случај. Треба да се имаат во вид и правните последици во случај на повторување на постапката и носење на одлука со која се утврдува застареност на кривично гонење, кога не е се утврдува дали правосилната пресуда останува во сила или не, со сите правни послединици што таа ги предизвникала, што секако не е интенција на законот во врска со овој институт .

Покрај ова, постои мислење на теоретичари кои ја исклучуваат примената на институтот застареност во повторената постапка (пример Тихомир Васиљевиќ Коментар Закона од кривичном поступку 1995 и претходни изданија) дека, повтувањето на постапката во корист на обвинетиот течи без обзир на застереноста на кривичното гонење, во спротивно целата постапка за повторување ја губи суштината, бидејќи во суштина, предметот би останал нерасправен (ВСС Кж 2959/60 од 22. 12 1960), односно примената на одредбите за застареност на кривичното гонење, ако во меѓувреме застареноста напстапила, односно донесување на пресуда со која обвинението се одбива, во оваа постапка не доаѓа во обзир. По својата природа оваа постапка не претставува кривично гонење (тоа завршило со донесување на правосилна пресуда) туку се води по барање на осудениот заради испитување на правилноста на претходната пресуда и тоа само во корист на осудениот. И правото повторување на постапката во корист на обвинетиот е можно после настапување на застареноста. Во оваа смисла е и заклучокот на Советувањето на кривичните оддели на Сојузниот суд и врховните судови од 26. 03 1985 година.

Поради ова потребно е да се иницира пред В. суд на Република расправа на Општа седница со цел да се даде начелно правно мислење кое судовите ќе го почитуваат, а воедно да се иницира дополнување на член 456 од Предлог Законот за кривична постапка кој е во собраниска процедура заради внесување на изрична забрана за примена на институтот застареност при повторување на кривичната постапка со

вонреден правен лек, посебно кога на обвинетиот му е судено во отсуство.